Седумнаесетти извештај
од следењето на процесот
на пристапување
на Македонија во ЕУ

МЛАДИ ОД АКЦИЈА!

април, 2013

Македонскиот центар за европско образование
и Фондацијата Отворено општество - Македонија
овој извештај му го посветуваат на новинарот
и борецот за слободата на изразувањето,
Никола Младенов, и на неговата вечна
борба за **„нештата да станат појасни“**

МЛАДИ ВО АКЦИЈА
Седумнаесетти извештај од следењето на процесот на пристапување на Македонија во ЕУ

Издава:
Фондација Отворено општество – Македонија

За издавачот:
Владимир Милчин, Извршен директор

Подготвил:
Македонски центар за европско образование и
Фондација Отворено општество – Македонија

Лектура:
Абакус

Ликовно-графичко обликување:
Бригада Дизајн

Печат:
Пропоинт

Тираж:
500 примероци

Бесплатен/некомерцијален тираж

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

35.075.51:37(497.7)"2007/12"(047.31)

МЛАДИ во акција! : седумнаесетти извештај од следењето на процесот на пристапување на Македонија во ЕУ. - Скопје : Фондација отворено општество - Македонија, 2013. - 90 стр. : илустр. ; 24 см
Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-218-177-6

а) Национална агенција за европски образовни програми и мобилност - Македонија - 2007-2012 - Истражувања COBISS.MK-ID 93957386

СОДРЖИНА

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ 7

I. ЗОШТО ОВА ИСТРАЖУВАЊЕ? 11

1. МЕТОДОЛОГИЈА 13

II. АНАЛИЗА 15

1. ШТО СЕ ПРОГРАМИ НА ЗАЕДНИЦАТА? 16
   - 1.1. Како се спроведуваат Програмите на Заедницата? 16
   - 1.2. Македонија и Програмите на Заедницата (2007-2013) 17
   - 1.3. Доживотно учење 17
   - 1.4. Млади во акција 19
2. МАКЕДОНИЈА ФОРМИРА НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА 23
   - 2.1. Денот по утрото се познава 24
   - 2.2. Пајажина или октопод? 25
   - 2.3. Како се прави тим од соништата? 27
   - 2.4. Тимот надграден и проширен 29
   - 2.5. (Пара)младински организации 30
3. НАЦИОНАЛНАТА АГЕНЦИЈА НА ДЕЛО 31
   - 3.1. Кривично дело или неетичко работење? 33
   - 3.2. Ревизорски ветер во грбот 35
   - 3.3. Контрадикторни наоди 39
   - 3.4. Европска суспензија 2010 и 2011 39
4. УСПЕШНИТЕ ОД БРИСЕЛ 42
   - 4.1. Студии на случаи 43
     - 4.1.1. Најстариот младинец во светот 44
     - 4.1.2. Различни адреси 45
     - 4.1.3. Странски придонес? 45
     - 4.1.4. Пари за контрапротести? 47
     - 4.1.5. Сложни организации 47
   - 4.2. Истите лица насекаде 48
     - 4.2.1. Секогаш услужливот Ѓоко 49
     - 4.2.2. Суперактивната Нола 49
     - 4.2.3. Суперфункционалната Неда 50
   - 4.3. Нови невладини организации 51
     - 4.3.1. Јасна иднина, Долнени 51
     - 4.3.2. Кариерен центар, Битола 52
     - 4.3.3. Квантум, Скопје 53
   - 4.4. Рециклирани организации 54

5. ВТОРА АФЕРА 56
5.1. Повик за младите - прв рок 2012 57
5.1.1. Како Струга нема друга 57
5.1.2. Чии се проектите? 58
5.2. Повик за младите - втор рок 2012 59
5.3. Повик за младите - трет рок 2012 61
III. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ 63

СЛИКИ И ТАБЕЛИ

Табела 1 – Централизирани проекти 8
Слика 1 – Графички приказ на програмата Млади во акција 20
Слика 2 – Графички приказ на програмата Доживотно учење (2007-2014) 22
Слика 3 – Графички приказ на разгранетата пајажина на Националната агенција 28
Слика 4 – Фотографија на Јован Попоски, Бошко Нелкоски и Неда Ахчиева од настанот во Владата. 30
Слика 5 – Врските на Бошко Нелкоски 38
Табела 2 – Проектите и износите што ги добил Македонски младински прес од Брисел 46
Слика 7 – Славко Котески, кандидатот за градоначалник на ВМРО-ДПМНЕ за Струга на локалните избори во 2009 година и Нола Исмајлоска 50
Табела 3 – Годишен буџет на НВО согласно прикажаните годишни приходи во завршните сметки 51
Табела 4 – Проектите на Квантум 53
Табела 5 – Проекти на Младински прес финансирани директно од Брисел 54
Табела 6 – Рокови за аплицирање проекти за 2012 година 57
Слика 8 – Споредба меѓу листата во Младинскиот информативен билтен и добитниците на средства од НА, мај 2012 г. 60

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Сите информации од ова истражување упатуваат на основано сомнение дека и во 2012 година Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (натаму во текстот: Национална агенција) повторно доделувала проекти на нефер и на сомнителен начин на истата привилегирана група невладини организации. За волја на вистината, во Република Македонија има невладини организации кои имаат капацитет и заслужено добиваат средства од различни донатори и тие произведуваат одлични резултати. Главна причина зошто ѝ се повтори првиот скандал на оваа институција е тоа што во Република Македонија криминалот постојано останува неказнет, како и тоа што не беа преземени соодветни мерки уште во 2010 година, кога се санираше штетата. Постојните релации на дел од вработените во Националната агенција со невладините организации - корисници на грантови, и натаму опстојуваат, ставајќи ги истите во надредена положба во однос на сите други невладини организации од Македонија и значително намалувајќи ја можноста за натпревар во еднакви и фер услови.

Главна улога и во оваа епизода има Бошко Нелкоски, поранешниот директор, кој никогаш не беше казнет, па дури ни отпуштен поради злоупотребата што ја направи во 2009 година. Тимот од соништата што тој го вработи, очигледно му остана лојален, а практиката на доделување средства на „своите“ организации и натаму продолжи, но со една дополнителна финеса – прво се конкурира во Брисел на централизираните повици! Добивањето проект од Брисел и не е толку тешко ако се има предвид фактот дека Националната агенција ги пласира вистинските информации само до привилегираните организации. Штом ќе се добие проект од Брисел, тогаш се добива зелено светло за „успешно“ трошење на средствата и од Националната агенција, а притоа се има алиби дека сè е чисто како солза.

Сега го гледаме поранешниот директор Бошко Нелкоски во надградена и проширена верзија. Неговиот лик станува сè поинтересен. Тој дојде на позицијата главен човек на Националната агенција како активен член на Унијата на млади сили на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, што значи дека е политички активен. Покрај директор на оваа мошне важна институција, го гледаме и како директор на невладината *Пан-европска алијанса,* но и како директор на земјоделска фирма. Покрај директорувањето, Бошко Нелкоски е и основач на *Младинскиот форум Око* од родната Струга, потоа соработник и обучувач за безброј други невладини организации кои добиле грантови и од Националната агенција, но и од Брисел (*Кариерен центар* од Битола, *Совет на младински НВО*, *Младински креативен центар* од Велес, *Македонски младински прес*, *Фонд за развој на млади* од Охрид, *Деница*, итн.). Името на Бошко Нелкоски, преку неговиот татко, Трајче Нелкоски, е поврзано и со невладините организации *Центар за рурарен развој на Југоисточна Европа* и *Фонд за интеррегионална соработка,* но и со приватната фирма *Агрономија органика*, чиишто основачи, пак се двајца раководители на сектори во Националната агенција вработени од Бошко Нелкоски лично. Едниот основач на оваа фирма е од Делчево, а другиот од Скопје, но седиштето на ова претпријатие е с. Драслајца, од каде што потекнува таткото на Бошко Нелкоски, Трајче Нелкоски, кој истовремено се појавува и како трикратен корисник на земјоделски субвенции доделени од Владата на Република Македонија.

Повеќе од јасно е дека рецептот „*Прво, Брисел, а потоа Скопје*“ одлично функционира. Ги гледаме истите невладини (пара)младински организации како користат средства и од Националната агенција, но и од Извршната агенција за образование, аудиовизуелна политика и култура (натаму во текстот: Извршна агенција) од Брисел, преку централизираните акции. Покрај *Кариерниот центар*, *Волонтерскиот центар* и некои други организации, пари од Брисел зеле и

организациите наведени во табела 1, каде што се прикажани и податоците за тоа колку проекти добиле и во колкав износ.

Ред. бр.	Организација	Број на проекти	Добиен износ до 2011 (во евра)
1.	Волонтерски центар Скопје	19	385.628,00
2.	Младинскиот форум Око	11	235.211,50
3.	Македонски младински прес	8	166.698,00
4.	Совет на младински НВО	8	158.582,50
5.	Фонд за развој на млади	5	101.611,00
6.	Центар за рурарен развој на Југоисточна Европа	5	92.104,00
7.	Деница	4	66.214,00
8.	Квантум	2	29.696,00
9.	Младински креативен центар	1	24.941,00
10.	Фонд за интеррегионален развој	1	23.384,00
11.	Јасна иднина	1	18.418,00
	Вкупно		1.302.488,00

Табела 1 – Централизирани проекти

Анализата покажува дека вкупниот износ на овие „сомнителни“ средства е над 1,3 милиони евра, што е секако значителна сума која мора да ја загрижи и Европската комисија. Се чини дека во Брисел аплицирале едни исти луѓе со различни проекти. Гледаме исти основачи кои доставуваат различни проекти од една иста адреса или обратно (на пример, *Македонскиот младински прес,* иако од Струга, во повеќе проекти се пријавува од адреса во Скопје). Лицата одговорни за проектите се поврзани со вработените во Националната агенција, но успешно го прикриваат тоа (Верица Коцевска, сопругата на Бошко Нелкоски, е контакт-лице за еден проект и таа – случајно или не – решава да го користи моминското презиме, иако кога се омажила го зела презимето на сопругот). Има обид за прикривање на вистинските адреси (на пример, *Советот на младински НВО* е корисник на 8 проекти (вкупно 158.582,50 евра) и за секој од овие 8 проекти во Брисел е пријавена адреса различна од службената). Има и случаи каде што цела група невладини организации користат една иста адреса (на пример, *Фондот за интеррегионална соработка* има иста адреса со *Младинскиот форум Око*). Патем речено, основач на оваа организација е Трајче Нелкоски, татко на поранешниот директор на Националната агенција и, веројатно, најстариот младинец во светот. Има и организирани активности околу (пре)регистрацијата на невладините организации. Гледаме дека во Централниот регистар на Република Македонија се прават најразлични промени – од промена на овластените потписници, до промена на имињата на организациите и/или нивните седишта (на пример, *Центарот за рурарен развој* – што, пак, го отвора прашањето зошто Централниот регистар регистрирал организација со печатна грешка во називот?). Има и организации чијшто статус, доколку се суди според активностите на невладината организација, е сомнителен, (на пример *Деница,* која ѝ е позната на македонската јавност од организираните контрапротести поврзани со градењето црква на плоштадот во Скопје) итн.

Иако *Македонскиот младински прес* е од Струга, во повеќе проекти се пријавуваат адреси во Скопје. Втора адреса во Скопје на којашто се пријавува е Бул. „Козјак“ 9а, во Кисела Вода.

Анализата на овој извештај покажува дека причина за ваквото однесување на Националната агенција е погрешно водениот процес за нејзина институционализација од самиот почеток, односно уште од донесувањето на законот за воспоставување на оваа институција. И покрај предупредувањата од опозицијата, владејачката коалиција сепак го донесе законот со кој се овозможија сите овие злоупотреби. За жал, ниту измените во законот коишто следуваа откако се обелоденија направените злоупотреби не ја санираа состојбата. Главните виновници останаа неказнети. Бошко Нелкоски не беше казнет, ниту беа сменети вработените инсталирани од него. Вреди да се спомене и фактот дека Фондацијата отворено општество - Македонија (ФООМ)

поднесе иницијатива до Уставниот суд во врска со составот на Управниот одбор на Националната агенција во февруари 2010 година, но Уставниот суд ја отфрли иницијативата откако Законот веќе беше изменет и конкретните организации кои беа споменати во првичната верзија на Законот беа отстранети, а иницијативата е отфрлена.

Дополнителна поддршка за вработените во Националната агенција (како и за Бошко Нелкоски) дојде и од ревизорскиот извештај од локална, рака на срце, овластена ревизорска куќа, најмена од тогашниот министер за образование, Никола Тодоров, пролетта 2010 година. Имено, според наодите на локалниот ревизор Николаки Миов од скопската фирма *Ефект плус*, имало неправилности, но тие биле незначителни. На тој начин се остави впечаток дека поранешниот директор е само несреќна жртва на медиумите.

Фактот дека наодите на оваа ревизорска куќа – која на јавноста ѝ беше позната и по позитивните извештаи на МРТВ – не се совпаѓаа со наодите на Државниот завод за ревизија (кој утврди сериозни прекршувања на законот), како ни со наодите на Државната комисија за спречување на корупцијата (која утврди конфликт на интереси и злоупотреба на службената должност) не ги загрижи властите, а уште помалку Јавниот обвинител.

Се чини дека нерешениот проблем од 2009 година сега повторно воскреснува и претставува сериозна закана за Република Македонија. Но, она што тогаш беше проблем, сега поприми карактеристики на организиран криминал. Излез од оваа срамна ситуација, Република Македонија може да најде само ако ги спроведе следниве препораки:

1. Да се направи темелна ревизија на работата на Националната агенција од страна на вистински независна ревизорска куќа. Истовремено, треба да се преиспита инволвираноста на сите вработени во сомнителните активности и истите соодветно да се санкционираат;.
2. Да се испита (не)инволвираноста на ревизорската куќа *Ефект плус* во целата воспоставена шема;
3. Да се ефектуира иницијативата на Државната комисија за спречување на корупцијата за кривично гонење на поранешниот директор на Националната агенција, Бошко Нелкоски, и на сите оние кои се поврзани со него по која било основа;
4. Да се измени Законот за основање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и да се предвиди поинаков состав на Управниот одбор. Пожелно е да се зголеми бројот на членовите на УО на девет (9) и тој да се состои од следниве претставници од: 1) Министерството за образование и наука; 2) Министерството за финансии; 3) Националната агенција; 4) директор на некое основно училиште; 5) директор од некое средно училиште; 6) директор на некое средно стручно училиште; 7) претставник од некој универзитет; 8) тренинг-институција, и 9) младинска/студентска организација (претставник на Националниот совет на Република Македонија, кој е во формирање). На ваков начин, во УО ќе бидат претставени сите засегнати страни;
5. Да се направи ревизија на сите склучени договори со невладините организации од првите два повика во 2012 година, односно да се спроведе членот 96 од Регулативата на Советот (ЕЗ, Евроатом) бр. 1605/2002 од 25 јуни 2002 година за финансиските прописи применливи на општиот буџет на Европските заедници;
6. Да се спроведе вистинска кампања за промоција на програмите *Доживотно учење* и *Млади во акција,* со која ќе се гарантира дека информациите за можностите и поволностите што ги нудат овие програми ќе стигнат до сите активни младински организации во Република Македонија.

ЗОШТО ОВА ИСТРАЖУВАЊЕ?

Кога излезе првиот квартален извештај од проектот *„Следење на процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија“ (Accession Watch)“* во април 2009 година, ние од Македонскиот центар за европско образование (МЦЕО) и Фондацијата Отворено општество - Македонија (ФООМ) се раководевме од фактот дека европската агенда на Македонија – за којашто има огромна јавна поддршка - не може да биде сопственост на ниту една политичка партија, ниту сопственост на власта. Главна цел на проектот е да даде придонес кон забрзување на процесот на пристапување на нашата држава во ЕУ, преку непосредно следење на тој процес и со благовремено реагирање на активностите што се преземаат во Македонија, а кои би можеле да имаат негативни последици по нашето пристапување во Европската унија (ЕУ).

Фокусот на вниманието се менуваше од година во година, во зависност од актуелната состојба со евроинтеграциите. Така, во 2009 и 2010 година се следеа клучните приоритети од Пристапното партнер-

ство[1], а во 2011 и 2012 веќе се наметна Политичкиот дијалог на високо ниво (ПДВН), како нов инструмент што го бараше нашето внимание. Исто така, изготвивме и наменски квартални извештаи за теми кои се блиску поврзани со процесот на пристапување на Република Македонија, како што се анализите на годишните ревизии на *Националната програма за преземање на европското законодавство*.

Со оглед на тоа дека искористеноста на европските фондови е тема којашто е подеднакво важна за македонските евроинтеграции и, на извесен начин, е индикатор за реформите во државата, нашиот дванаесетти извештај беше целосно посветен на финансискиот Инструмент за претпристапна помош, популарно наречен ИПА[2]. До крајот на 2013 година ќе биде објавен и вториот извештај за ИПА, со поажурирани податоци, кој би можел да послужи во процесот на програмирање на ИПА II, инструментот што ќе се применува во период 2014–2020.

МЦЕО направи уште едно истражување кое излегува надвор од кварталните извештаи за следење на процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ и се однесува на апсорпциски капацитет на македонските корисници на таканаречените Програми на Заедницата (од 2014 година натаму познати како Програми на Унијата). Оваа студија беше објавена во февруари 2012 година под наслов *„Прекутрупа до Европа“*[3] и ги анализираше петте програми на кои пристапила Македонија: 1) *Програма за конкурентност и иновации* (Competitiveness and Innovation Programme – CIP); 2) *Седма рамковна програма* (Seventh Framework Programme- 7FP); 3) *Европа за граѓаните* (Europe for the Citizens); 4) *Програма за вработување и социјална солидарност Прогрес* - PROGRESS), и 5) *Програма Култура* (Culture).

Две други програми – *Доживотно учење* (Lifelong Learning) и *Млади во акција* (Youth in Action) се реализираат преку Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (натаму во текстот: Национална агенција). Овој квартален извештај се однесува на досегашното спроведување на програмата *Млади во акција*. Причина за тоа се случувањата од ноември 2012 година, кога во јавноста почна да се разоткрива нова, втора афера за Националната агенција, првенствено преку неколку текстови во дневникот и неделникот *Фокус*. Исто така, претседателката на Националниот совет за евроинтеграции, Радмила Шекеринска, на 30 ноември 2012 година одржа тематски брифинг за изборот на пилот-проектите од првиот и од вториот рок во рамките на програмата *Млади во акција*, избор што го направи Националната агенција, при што изјави: *„Минатиот пат немаше одговорност, зашто Премиерот смета дека е доволна моралната одговорност. Кога нема да го казните криминалот, тој ќе ви се повтори“*[4].

Како реакција на тоа, следуваше изјавата на Снежана Манчева, одговорна за програмата *Млади во акција*, која тврдеше дека сè е според правилниците, процедурите и дека добитниците на средства од Националната агенција се успешни не само овде, туку и во Брисел. Нејзините зборови многу потсетуваа на зборовите на Бошко Нелкоски пред да ја поднесе својата оставка по избувнувањето на првата афера.

Чувствувајќи морална обврска докрај да ја истражиме оваа сторија, пред сè поради фактот дека токму ние (МЦЕО и ФООМ) први ја детектиравме аферата со Националната агенција[5], овој квартален

[1] Одлука на Советот 2008/212/ЕС за принципите, приоритетите и условите на Пристпаното партнерство со Република Македонија, што ја укинува Одлуката 2006/57/ЕС, 18 февруари 2008, достапна на *http://europa.eu/legislation_summaries/enlargement/western_balkans/r18013_en.htm*

[2] *„Има пари ама…“*, април 2012 година, достапен на нашата веб-страница: *http://mcet.org.mk/wp-content/uploads/2011/05/AW-12-ZA-WEB-MK1.pdf*

[3] *http://mcet.org.mk/wp-content/uploads/downloads/2012/11/prekutrupa-za-evropa-mk.pdf*

[4] *http://24vesti.mk/kade-zavrshuvaat-evropskite-pari-za-mladi*

[5] Видете го нашиот трет квартален извештај насловен „MK@EU“ Лисабон - Скопје - Атина“, стр. 60, октомври 2009 година.
Достапен на: *http://soros.org.mk/dokumenti/Tret-izvestaj-MK-so-CIP.pdf*

извештај целосно ѝ го посветуваме на работата на Националната агенција. Свесни за ограничувањата во начинот на којшто информира Националната агенција – преку својата веб-страница, сметавме дека овој извештај може да придонесе кон добивањето вистинските информации. За жал, веб-страницата на Националната агенција не се карактеризира со навременост, потполност и транспарентност (на пример, воопшто не се објавуваат резултатите од јавните повици за контакт-точките на програмата *Млади во акција* во 2012 година). Некои листи, како онаа од вториот рок на програмата *Млади во акција*, се објавуваат на незабележливи места на внатрешните линкови, а некои и воопшто не се објавуваат. Токму од тие причини го изготвивме овој квартален извештај! Извештајот отвора дилеми и за тоа дали информациите за можностите што ги нудат европските програми, институции и фондови стигнуваат до младинските организации, на кој начин се пренесуваат информациите, зошто само тесен круг организации добивале грантови од споменатите програми и дали Националната агенција фаворизирала одредени организации за сметка на други?

1. МЕТОДОЛОГИЈА

Целта на овој квартален извештај е јавно да го отвори прашањето за работата на Националната агенција, во контекст на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија (ЕУ). Предмет на анализа се актуелните настани поврзани со Националната агенција, особено начинот на кој се администрирани последните повици за доставување предлог-проекти на невладини организации кои се занимаваат со младинска политика.

Во овој извештај детално се разгледуваат и се анализираат листите на успешните проектите од првиот и од вториот повик за предлог-проекти (февруари и мај 2012 година) од страна на Националната агенција, но и листите на проекти одобрени за финансирање од страна на Извршната агенција за образование, аудиовизуелна политика и култура (натаму во текстот: Извршна агенција) во Брисел, за истата програма *Млади во акција*, заедно со нивните референтни броеви, со описи на проектите, адресите и имињата на контакт-лицата. Анализата го вклучи и Законот за основање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, како и измените и дополнувањата на истиот, стенограмите од седниците на Собранието одржани за, или во врска со, Националната агенција, документите што ги изработуваат Владата на Република Македонија и Европската унија (*Националните програми за преземање на правото на Европската унија – Ревизија 2012, 2011, 2010, 2009 и 2008, Извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2009, 2010, 2011 и 2012 година; Одлуката на Советот за принципите, приоритетите и условите содржани во Пристапното партнерство со Република Македонија,* Брисел, февруари 2008 година) итн. Користени се различни јавно достапни информации, документи од уписите на повеќе правни лица во Централниот регистар на Република Македонија, како и другите релевантни национални документи, како и документи на ЕУ.

За да се добие сеопфатна слика, овој извештај се однесува на периодот од основањето на Националната агенција до денес, заклучно со март 2013 година. Сметавме дека тоа е неопходно за конечно да се добие вистинска слика за функционирањето на оваа исклучителна важна институција за европеизацијата на Република Македонија.

Покрај стандардната анализа на суштинските документи и дескистражувањето, за потребите на овој извештај спроведовме и неколку интервјуа со повеќе организации од граѓанското општество, главно оние кои се занимаваат со младинска политика. Се користеше и инструментот за пристап до информациите од јавен карактер, главно за да се истражат адресите, основачите и овластените потписници од Централниот регистар на Република Македонија.

Од страна на медиумите, се следеа 16 медиуми, и тоа: шест дневни весници (*Утрински весник*; *Дневник*; *Вест*; *Вечер*; *Нова Македонија* и *Фокус*) и централните информативни емисии на седум телевизии со национална и со сателитска концесија (*Канал 5*; *Сител*; *Телма*; *МТВ 1*; *Алфа, Алсат-М* и *24Вести*)[6], како и трите информативни портали *Плусинфо, Скај МК* и *Курир*.

Наодите до коишто дојдовме се вчудовидувачки. Поучени од претходното искуство со власта и со Националната агенција, кога практично сè се забошоти и никој не одговараше за своите постапки, решивме да формираме мрежа од невладини организации и други засегнати страни кои ќе застанат зад овој извештај и ќе инсистираат власта и институциите на системот овојпат да ги преземат вистинските чекори. Формирањето на коалицијата/мрежата и дополнителните активности ќе следуваат во периодот што доаѓа.

[6] Мониторингот на медиумите е партнерски проект со НВО *Инфоцентар* од Скопје.

АНАЛИЗА

Еден од инструментите со кои ЕУ планираше да ја исполни Лисабонската агенда се и таканаречените Програми на Заедницата (ПЗ). Тие се посебен извор на финансиски средства наменети за најразлични проекти на корисниците од државите-членки, кои треба да придонесат за натамошна продлабочена европска интеграција во дадени области и кои, со текот на времето, можат да прераснат во заедничка политика на ЕУ. Оттука, овие програми се најчесто: а) концентрирани во областите кои се под надлежност на државите-членки, бидејќи се мошне чувствителни (образование, култура, медиуми, човекови права итн.); б) се однесуваат на области каде што интеграцијата не е доволна и може да се подобри (царина, даноци, социјална заштита, анти-дискриминација итн.); и в) опфаќаат и нови области каде што може да се развие заедничка политика и, преку резултатите од нив, да започне процес на креирање нова заедничка политика (енергија, европско државјанство, активно граѓанство, итн.).

Сите држави-членки се свесни за тоа дека меѓусебната соработка е многу важна и затоа со новите финансиски перспективи - на секои седум години - бараат од Европската комисија (ЕК) да ги развие и да ги спроведува ваквите програми.

1. ШТО СЕ ПРОГРАМИ НА ЗАЕДНИЦАТА?

Со оглед на фактот дека овие програми се финансираат од буџетот на ЕУ, а буџетот го полнат граѓаните на државите-членки, право на користење на овие средства имаат граѓаните на ЕУ. Сепак, политиката за проширување подразбира дека државите кои имаат статус на држави-кандидатки ќе станат држави-членки на ЕУ. Затоа, корисно е граѓаните на овие држави да учествуваат во ваквите програми, бидејќи на тој начин влегуваат во постојните мрежи на ниво на ЕУ и градат нови мрежи што ќе овозможат иницирање на заеднички проекти, а со тоа и забрзана европска интеграција.

За учеството на овие држави да биде фер, ЕК бара финансиско учество од националните буџети на заинтересираните држави. Условите, правилата и постапките за учество се исти како и за државите-членки, а финансиското учество за секоја програма се регулира со потпишување Меморандум за разбирање, во кој се предвидуваат исти услови за финансиска контрола и ревизија. Ова финансиско учество се нарекува плаќање „*влезен билет*“, а износот се одредува во Меморандумот за разбирање, за секоја програма поодделно и за секоја поединечна година. Доколку не се искористат, парите од влезниот билет не се враќаат, па затоа државите пред да ги изберат програмите во кои сакаат да учествуваат прво прават добра анализа за тоа кои организации имаат реално капацитет да ги повлечат парите на име на проекти.

ЕК разбира дека државите како што е Македонија имаат ограничени средства, па затоа ни дозволува, во прво време, да ги користиме средствата од ИПА за кофинансирање на овој влезен билет. Кофинансирањето треба постепено да се намалува во неколкугодишниот програмски период за, конечно, влезниот билет да биде платен исклучиво од средствата од националниот буџет.

1.1. Како се спроведуваат Програмите на Заедницата?

Најголем дел од ПЗ се спроведуваат на централно ниво – од Брисел, односно од страна на ЕК и на соодветните директорати надлежни за различните политики. Поради комплексноста, специфичноста, но и поради обемот на одделните програми, ЕК формира и неколку посебни извршни агенции кои ѝ помагаат во управувањето со поединечните (пот)програми. Овие агенции ги организираат и ги спроведуваат процесите на објавување на повиците за проекти, примање на апликациите, евалуацијата и селекцијата на проектите, а ја следат и нивната имплементација. Извршната агенција за образование, аудиовизуелна политика и култура (Education, Audiovisual and Culture Executive Agency - EACEA[7]) е одговорна за програмите *Култура, Европа за граѓаните, Медиуми, Доживотно учење* и *Млади во акција*.

Поради карактерот на програмите и поради комплицираната институционална и управувачка структура, секоја држава што учествува во програмите има обврска да именува таканаречени национални контакт-точки, кои ќе функционираат како координатори на програмите, ќе се грижат за нивната промоција, за ширењето на информациите до пошироката јавност, а особено до потенцијалните корисници на програмите. Овие лица го помагаат поврзувањето и наоѓањето соодветни партнери во другите држави-учеснички, а учествуваат и на состаноците и средбите на работните комитети за управување со секоја од програмите. За својата работа, националните контакт-точки (или промото-

[7] *http://eacea.ec.europa.eu/index_en.php*

ри) добиваат симболичен надоместок, на пример, контакт-точките на програмата *Млади во акција* добиваат месечен надоместок од 80 евра.

1.2. Македонија и Програмите на Заедницата (2007-2013)

Во 2006 година, Владата на Република Македонија донесе Одлука за отпочнување преговори за учество во девет (9) приоритетни програми: 1. *Седма рамковна програма за истражување и технолошки развој* (Seventh Framework Programme for research and technological development, FP7); 2. *Програма за конкурентност и иновации* (Competitiveness and Innovation Programme – CIP); 3. *Европа за граѓаните* (Europe for Citizens); 4. *Прогрес* (PROGRESS); 5. *Култура* (Culture); 6. *Медиуми* (Media); 7. *Доживотно учење* (Lifelong Learning); 8. *Млади во акција* (Youth in Action); 9. Живот+ (LIFE +). Во 2007 и 2008 година, Владата одлучи дополнително да се приклучи и во следниве пет (5) програми: 1. *Фискалис* (Fiscalis); 2. *Царини* (Customs); 3. *Превенција и борба против криминалот* (Prevention and Fight against Crime); 4. *Здравје* (Health) и 5. *Финансиски механизам за цивилна заштита* (Civil Protection Financial Mechanism).

Учество во програмите *Млади во акција* и *Доживотно учење* беше планирано за 2008 година. Се очекуваше да се акредитира Националната агенција[8], откако успешно ќе ги спроведе пилот-проектите финансирани од ИПА. За жал, наместо акредитација, на Националната агенција ѝ се случи суспензија од страна на ЕК во период подолг од 20 месеци, поради конфликт на интереси при доделувањето на грантовите. Се очекуваше процесот на акредитација повторно да започне од јануари 2012 година, откако Националната агенција ќе ги спроведе корективните мерки предвидени во нејзиниот Акциски план. За целосна акредитација (или стекнување на правото за самостојно управување со проектите и средствата од овие две програми на ЕУ) ќе биде потребен извесен период во којшто Националната агенција ќе треба да се докаже како кредибилна институција. А во меѓувреме, македонските граѓани ќе треба стрпливо да чекаат институциите на системот да си ја одиграат својата улога.

1.3. Доживотно учење

ЕК во 2004 година ја донесе четвртата генерација на ПЗ (2007–2013), со цел да создаде претпоставки за интеграција на мерките за образование и обука во единствена програма посветена на доживотното учење и на целите на Лисабонската стратегија. Шесте програми од областа образованието и обуката (*Erasmus, Lingua, Comett, PETRA, FORCE, Eurotecnet*, без програмата *Темпус*), на крајот од осумдесеттите години се симплифицираа и се интегрираа во две програми – по една за секоја област. Во 2004 година следуваше дополнително поедноставување на програмата и се формираше една интегрирана програма со буџет од речиси 7 милијарди евра за делот образование и обука[9].

Програмата *Доживотно учење* е основана со Одлуката број 1720/2006/ЕС на Европскиот парламент и на Советот на ЕУ[10]. Оваа програма е директно ставена во функција на остварување на целите поставени со Лисабонската стратегија. Таа се состои од четири секторски програми плус таканаречената *Трансверзална програма* и програмата *Жан Моне* (види Слика 1). Секторските програми имаат различни насоки и тие се во надлежност на ЕК[11].

[8] Повеќе информации достапни на веб-страницата: *http://na.org.mk/*

[9] Заедно со 885 милиони евра наменети за програмата *Млади во акција*, ЕК програмирала вкупно 7,855 милијарди евра од вкупниот буџет на ЕУ, кој, пак, изнесува 769 милијарди евра.

[10] Decision 1720/2006/EC of the European Parliament and of the Council of 15 November 2006, establishing an action programme in the field of lifelong learning, Brussels: Official Journal of the European Union L 327/45, 24.11.2006

[11] European Commission, Directorate-General for Education and Culture, (2009) Lifelong

Секторската програма *Комениус* (Коменски) се нарекува според Јан Амос Коменски (1592–1670), едукаторот и писател од Моравија кој се залагал за универзално образование и кој се смета за татко на модерното образование. Оттука, очекувано е оваа програма да се фокусира на првата фаза на образованието – од предучилишното и основното до средното училиште. Намената е за сите членови на образовната заедница: учениците, наставниците, локалните власти, родителските одбори, граѓанските организации, институтите за обука на наставниците, универзитетите и сите други чинители во областа на образованието.

Секторската програма *Еразмус* (Еразмо) го носи името на холандскиот католички свештеник и теолог Еразмо Ротердамски (1466/1469 – 1536), кој живеел насекаде низ Европа за да го прошири с воето знаење, подготвувајќи важни латински и грчки изданија на Новиот завет. Затоа, оваа програма е наменета за мобилност и соработка во областа на високото образование низ Европа. Нејзините различни акции се однесуваат на студенти кои имаат намера да студираат и да работат во странство, како и за универзитетски професори и персонал од претпријатијата кои сакаат да се подучуваат во странство, вклучувајќи го и персоналот од високото образование којшто сака да реализира одредена обука во друга држава. *Еразмус* ги поддржува и високообразовните институции кои соработуваат меѓу себе во програми, мрежи и мултилатерални проекти.

Learning Programme (LLP) Guide 2009 Part II: Sub-Programmes and Actions, Brussels: European Communities.

Леонардо да Винчи е секторска програма за стручно образование и обука именувана според познатиот италијански сликар, скулптор, архитект, музичар, научник, математичар, инженер, пронаоѓач, геолог, ботаничар, писател... Леонардо да Винчи, кој живеел од 1452 до 1519 година. Како научник, тој го унапредил знаењето во областа на анатомијата, градежништвото, оптиката и хидродинамиката. Оттука, оваа програма ги поврзува политиките со практиката во стручното образование и обука, познати како ВЕТ (општоприфатена кратенка на терминот од англиски јазик - Vocational Education and Training). Оваа програма нуди различни можности, како: создавање можности за поединците да ги подобрат своите способности, знаења и вештини, со тоа што ќе поминат извесен период во странство, па сè до поддршка на пошироката соработка меѓу чинителите во областа на стручното образование во Европа, наменета за зголемување на атрактивноста, квалитетот и постигањето на стручните системи и практики.

Грундтвиг е името на секторската програма наменета за образование на возрасни. Таа го доби своето име според данскиот учител, писател, поет, филозоф, историчар, свештеник и политичар, Николај Фредерик Северин Грундтвиг (1783 – 1872), кој е идеолошкиот татко на таканаречените Народни гимназии (слични на Работничките универзитети). Тој верувал дека универзитетите треба да ги образуваат студентите за активно учество во општеството и дека практиката, како и националната поезија и историја, треба да бидат основен дел од образованието. Програмата ги опфаќа наставата и потребите за учење коишто се однесуваат на сите форми на образование за возрасни од нестручна природа, како

и институциите и организациите коишто нудат или помагаат некоја од формите на таквите можности за учење на возрасни, без разлика дали станува збор за формална, неформална или информална едукација. Оваа секторска програма поддржува и почетна обука и обука преку работа на персоналот.

Трансверзалната програма ги опфаќа меѓусекторските области, а се состои од четири клучни активност: 1) развој на иновативни ИКТ-базирани содржини; 2) дисеминација и користење на резултатите од програмата *Доживотно учење;* 3) јазици; и 4) соработка и иновации на ниво на јавната образовна политика).

Програмата *Жан Моне* е наменета за поддршка на наставата и истражувањето, како и проучување на европската интеграција и на клучните европски институции и асоцијации.

1.4. Млади во акција

Програмата *Млади во акција* е основана со заедничка одлука на Европскиот парламент и Советот на ЕУ[12]. Програмата е наменета за мобилност и за неформално образование и е насочена кон младите луѓе на возраст од 13 до 30 години. Таа има за цел:

- промоција на активното европско граѓанство за младите луѓе;
- развивање солидарност и промоција на толеранцијата меѓу младите луѓе, особено за зајакнување на социјалната кохезија во ЕУ;
- зајакнување на заедничкото разбирање меѓу младите во различни држави;
- давање придонес кон развивањето на квалитетот на системите за поддршка на младинските активности и капацитетите на граѓанските младински организации, и
- промоција на европската младинска соработка.

Младите луѓе/работници се целната група на програмата која ги опфаќа и нејзините промотори. Во програмата учествуваат две групи - учесници и промотори (тоа е терминот што се користи во програмата за учество на организациите како правни лица, а во некои случаи е дозволено и учество на неформални младински групи). Условите за учество зависат од државата во која се одвиваат активностите.

За проект од програмата можат да аплицираат и промоторите на програмата, во својство на лица коишто управуваат, и тоа како:

- непрофитна/невладина организација;
- локално или регионално јавно тело;
- неформална група млади луѓе;
- тело активно во младинската област на европско ниво, коешто има свои претставништва во најмалку осум држави-учеснички во програмата;
- меѓународна владина непрофитна организација, или
- профитна организација што организира настан во областа на младинските активности, спортот или културата, правно основани во една од државите-учеснички или во партнерските држави на програмата.

[12] Decision N° 1719/2006/EC of the European Parliament and of the Council of 15 November 2006, establishing the 'Youth in Action' programme for the period 2007 to 2013, Brussels: Official Journal of the European Union L 327/30, 24.11.2006

Слика 1 – Графички приказ на програмата Млади во акција

Како што може да се види од графичкиот приказ даден погоре, оваа програма содржи пет оперативни акции: 1) *Младите за Европа;* 2) *Европски волонтерски сервис*; 3) *Младите во светот*; 4) *Младински системи за поддршка;* и 5) *Поддршка за европска соработка на младите*.

Акцијата 1 – *Младите за Европа* – ги поддржува следниве активности во вид на пот- програми: младински размени; младински иницијативи и младински демократски проекти. *Младинските размени* им нудат можност на групите млади луѓе од различни држави да се среќаваат и да научат нешто повеќе за културите на земјите од каде што доаѓаат. Групите заедно ја планираат нивната младинска размена за одредена тема од заеднички интерес. *Младинските иницијативи* се иницијативи за поддршка на групни проекти наменети за локално, регионално и за национално ниво. Тие обезбедуваат и поддршка на вмрежување на слични проекти меѓу различни држави, со цел зајакнување на нивниот европски аспект и подобрување на соработката и размената на искуства меѓу младите луѓе. *Младинските демократски проекти* се проекти наменети за поддршка на учеството на младите луѓе во демократскиот живот во нивната локална, регионална или национална заедница, како и на меѓународно ниво.

Акцијата 2 – *Европски волонтерски сервис* – обезбедува поддршка на учеството на младите во различни форми на волонтерски активности во и надвор од ЕУ. Преку оваа акција, младите луѓе учествуваат во непрофитни, јавни акции.

Акцијата 3 – *Младите во светот* – ја поддржува соработката со соседните држави на ЕУ и соработката со другите држави од светот. Соработката се одвива преку проекти за младински размени, обука и вмрежување во младинската област и размена на добри практики.

ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ 2007-2013 (6,970 МИЛЈАРДИ ЕВРА)

КОМЕНИУС

Грантови за предучилишно и училишно образование сè до вишо средно образование, како и грантови за институциите кои нудат такво образование.

- **Партнерства** (грантови за создавање транснационални училишни партнерства)
- **Мрежи (2,843 мил. евра/год.)** (грантови за вмрежување на образовни установи и организации во мултилатерални проекти)
- **Мобилност (24,793 мил. евра/год.)** (почетна/доквалификација на едукатори, размена на ученици)

ЕРАЗМУС

(370 милиони евра/год.)

Грантови за мобилност за студенти/професори, за мрежи и партнерства во високото образование

- **Мобилност (351,1 мил. евра/год.)** (индивидуални грантови за студенти/професори)
- **Мултилатерални проекти (10,842 мил. евра)** (грантови за проекти за развој, модернизација и иновација)
- **Мрежи (7,6 мил. евра/год.)** (грантови за создавање тематски мрежи за подобрување на квалитетот на високото образование

ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ

(215 милиони евра/год.)

Грантови за учење и настава во стручно образование без вишо стручно образование

- **Мобилност (122 мил. евра/год.)** (грантови за транснационални проекти за мобилност за лица за професионална обука и за обучувачи)
- **Мултилатерални проекти (82,64 мил. евра)** (грантови за транснационални проекти за развој на иновации и квалитет на професионалната обука)
- **Мрежи (3,682 мил. евра/год.)** (грантови за транснационални тематски мрежи на европски стандарди)

ГРУНДТВИГ

(38,54 милиони евра/год.)

Грантови за проекти за настава /учење во образование на возрасни и за обучувачи

- **Мобилност (2,05 мил.евра/год.)** (грантови за мобилност за формална и неформална обука и за наставен кадар што специјализира образование за возрасни)
- **Мултилатерални проекти (14 мил. евра)** (грантови за проекти за развој, модернизација и иновации во образованието за возрасни)
- **Мрежи (2,557 мил. евра/год.)** (грантови за создавање и реализација на Грундтвиг мрежи во образованието за возрасни
- **Партнерства (19,32 мил.евра/год.)** (грантови за создавање партнерства за учење во образованието за возрасни)

ТРАНСВЕРЗАЛНИ ПРОГРАМИ

- **Е-УЧЕЊЕ)** (8,5 мил. евра/год.) – грантови за интеграција на ИКТ во системите за образование и обука во Европа
- **ДИСЕМИНАЦИЈА** (2,864 мил.евра/год.) – грантови за поддршка на проекти и студии за`дисеминација на резултатите од *Доживотно учење*
- **ЈАЗИЦИ** (9,147 мил. евра/год.) – грантови за подобрување на наставата и учењето јазици – квалитативно и квантитативно
- **СОРАБОТКА И ИНОВАЦИИ НА НИВО НА ЈАВНАТА ПОЛИТИКА** (6,239 мил. евра/год) – студии и анализи на образовните политики и системи

ЖАН МОНЕ - поддршка на акции, европски институции и асоцијации кои дејствуваат на полето на европските интеграции.

Слика 2 – Графички приказ на програмата Доживотно учење (2007-2014)

Акцијата 4 – *Младински системи за поддршка* – нуди: а) поддршка на телата активни на европско ниво (невладините организации активни на европско ниво, коишто реализираат општ европски интерес и придонесуваат за учеството на младите во јавниот живот/ општеството или развиваат и спроведуваат активности за европска соработка, во најширока смисла); б) поддршка на европските младински форуми; обука и вмрежување на активните младинци (размена на искуство, експертиза, добри практики и активности кои водат кон создавање трајни и квалитетни проекти, партнерства и мрежи); в) проекти што поттикнуваат иновација и квалитет; г) информатички

активности за младите и за лицата активни преку младинска работа/организации (подобрување на пристапот на младите до ИКТ и давање поддршка за развивање европски, национални, регионални и локални младински портали за дисеминација на одредени информации за младите); д) партнерства; ѓ) поддршка за структурата на програмата; и е) додавање вредност на програмата.

Акцијата 5 - ***Поддршка за европска соработка на младите*** – има за цел: а) да овозможи структуриран дијалог меѓу различните актери, особено меѓу младите од младинските организации и донесувачите на одлуките; б) поддршка на младинските семинари за социјални, културни и политички прашања; в) да придонесе кон развојот на соработката на ниво на младинската политика; и г) да го овозможи развојот на мрежите заради подобро разбирање на младите.

Извршната агенција во Брисел е одговорна за спроведувањето на централизираните акции на програмата, додека Националните агенции се одговорни за децентрализираните акции на програмата. Кај децентрализираните повици постои уште една поделба на: постојани годишни повици, кои се одвиваат трипати годишно, и посебни повици за предлог-проекти.

На европско ниво, спроведувањето на програмата е потпомогнато од страна на таканареченото *Младинско биро за помош*[13], коешто функционира во состав на Извршната агенција, Евродеск, и на САЛТО ресурсните центри.

Во зависност од акцијата, може да учествуваат учесници и промотори од различни држави, при што се прави разлика меѓу држави-учеснички и партнерски држави. Постојат различни нивоа на учество во програмата, и тоа: а) учесниците и промоторите од државите-учеснички во програмата можат да учествуваат во сите акции на програмата; б) 27 држави-членки на ЕУ, државите на Европската економска област (ЕЕО), Исланд, Лихтенштајн и Норвешка, како и Турција и државите-кандидатки за членство во ЕУ (државите од Западен Балкан); в) учесниците и промоторите од соседните држави, кои се партнерски држави во програмата, може да учествуваат во Акција 2 и во под-акција 3.1 од програмата *Млади во акција*.

Партнерски држави на програмата се: 1) државите од Југоисточна Европа (Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија Србија, Хрватска и Црна Гора); 2) државите од Источна Европа и од Кавказ (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија, Руската Федерација и Украина); и 3) Медитеранските држави (Алжир, Египет, Израел, Јордан, Либан, Мароко, Палестинската автономија на Западниот Брег и појасот Газа, Сирија и Тунис). Македонија учествува во Акциите 1, 2 и 4 (видете ја Слика 1).

2. МАКЕДОНИЈА ФОРМИРА НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА

Правната основа за учеството на Република Македонија во програмите *Доживотно учење* и *Млади во акција* произлегува од членот 7 од Одлуката за воспоставување на програмата *Доживотно учење*[14], како и од соодветната Одлука за програмата *Млади во акција*[15]. Постои и специфичен административен предуслов, а тоа е формирање на Национална агенција за децентрализирано администрирање на овие програми. На национално ниво, неопходно е воспоставување адекватни правни, институционални и административни предуслови за оперативно управување со програмите, како и посебна структура за коорди-

[13] *http://europa.eu/youth/index.cfm?l_id=en*

[14] Decision 1720/2006/EC of the European Parliament and of the Council of 15 November 2006, establishing an action programme in the field of lifelong learning, Brussels: Official Journal of the European Union L 327/45, 24.11.2006

[15] Decision N° 1719/2006/EC

нирано дејствување при спроведувањето на акциите од програмите.

Од македонска страна, се презедоа одредени мерки: донесен е Законот за основање на Националната агенција[16], а со тоа се создадоа и почетните формални предуслови за формирање на институцијата. Од почетокот на 2008 година започна градењето на капацитетите на Националната агенција, преку таканаречените „подготвителни мерки“, финансирани од ИПА. Беше склучен и Меморандумот за разбирање со ЕК, со што започна исполнувањето на најосновните услови за учество во програмите, преку обезбедување квалитетен и функционален финансиски менаџмент усогласен со одредбите на ЕУ[17]. Најважните критериуми се однесуваат на оперативноста во административен контекст, што овозможува спроведување на задачите на задоволителен начин и без конфликт на интереси, како и институционална способност за примена на програмските правила и на условите поставени на ниво на Заедницата.

За жал, Република Македонија и ден денес не е соодветно вклучена во програмата и сè уште учествува во подготвителната фаза поради двегодишната суспензија во 2010 и 2011 година. Формирањето на Националната агенција во Македонија требаше да биде во насока на подигање на апсорпциското и на административниот капацитет.

2.1. Денот по утрото се познава

Подготвителните активности за формирање на Националната агенција во Македонија, започнаа во почетокот од 2007 година, со формирањето на Комисијата за основање на Националната агенција во рамките на Министерството за образование и наука (МОН). По сопствена иницијатива, за претседател на Комисијата беше именуван тукушто вработениот во МОН, активен претседател на невладината организација *Младински форум Око* од Струга, но и тогашен член на Извршниот комитет на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ, Бошко Нелкоски. Меѓу другото, Комисијата имаше задача да изготви предлог-закон за основање на Националната агенција. По наводните „препораки“[18] од Брисел, беше изготвен предлог-законот, кој – верувале или не – содржеше и вакви одредби:

Член 12

1) Орган на управување на Националната агенција е Управниот одбор.

2) Претседателот и членовите на Управниот одбор ги именува и ги разрешува Владата на Република Македонија.

3) Управниот одбор го сочинуваат претседател и четири члена, и тоа: по еден од Министерството за образование и наука, Министерството за финансии и од *Македонскиот младински прес* и **двајца члена** од *Советот на младински НВО*.

Член 16

5) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- да има завршено високо образование;
- активно да го познава англискиот јазик, и
- да има три години работно искуство со менаџирање со програмите на Заедницата.

[16] Закон за основање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, *Службен весник на РМ* бр. 113 од 2007 година.

[17] Член 54 и член 56 од Регулативата на Евроатом бр. 1605/2002 и член 38 од Регулативата Евроатом бр. 2342/2002.

[18] *http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/056%20sednica%2005%20prodolzenie%2007-09-2007.pdf*

За овие членови од Законот најмногу се дебатираше во Собранието на Република Македонија. За жал, укажувања имаше само од пратениците на опозицијата, додека пратениците од власта ги игнорираа сите забелешки. Од група пратеници од опозицијата (Славица Грковска, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска) беше поднесен амандман за измена на членот 12. Во повеќе наврати во дискусиите се инсистираше на одговор на прашањата: кои се овие две невладини организации во Законот, како се избрани и зошто се избрани токму тие организации.

Во едно од образложенијата на претставникот на МОН, кој го бранеше Законот, меѓу другото, беше кажано следново: *„..оние кои имаат членови на Управен одбор, според објаснувањето од Брисел, тие после немаат право да аплицираат за програмите. Значи, овие младински организации сега што се ставени тука, немаат право да аплицираат натаму во програмите. Направена е голема расправа со сите младински организации... Тоа скоро со консензус е донесено... овие да бидат, бидејќи имале најголем број на членство итн. Значи, разговарано е со сите невладини организации...*[19]“ Очигледно, претставникот на МОН немал право, зашто токму тие невладини организации ќе бидат првите добитници на грантови. Од разговорите со повеќе активни младински организации, констатиравме дека ниту биле консултирани за овој процес, ниту имало јавна расправа, ниту пак некогаш чуле за овие две организации, а камоли дека тие имале најбројно членство.

Пратеникот Тале Герамитчиоски упорно прашуваше *„...Во која држава ќе се дозволи државна институција да нема мнозинство во Управен одбор? Знаете ли што правиме? Од пет члена, тројца предлагате од овие младински совети што јас не ги знам. Еве, моето информирање е слабо, јас го признавам тоа. Вие подобро го знаете, иако јас во четири-пет години не сум слушнал дека постои Совет на младински невладини организации, или допрва се мисли да се формира? Во Управниот одбор... тие ќе го бираат директорот. Владата го има направено овој превид...*“. Во истиот контекст, тој алармираше со зборовите *„..сакам да Ве убедам, и затоа Ве молам да размислите, затоа што во моментов можеме да направиме сериозна грешка, којашто натаму ќе не чини нормално функционирање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност...*[20]“.

И ФООМ, во февруари 2010 година, поднесе иницијатива до Уставниот суд во врска со составот на Управниот одбор на Националната агенција, но Уставниот суд ја отфрли иницијативата откако Законот веќе беше изменет и конкретните организации кои беа споменати во првичната верзија на Законот беа отстранети, а со тоа и иницијативата отфрлена[21].

2.2. Пајажина или октопод?

Законот се донесе, онака како што беше предложен, со прифаќање на само еден амандман кој се однесуваше на еднаквата етничка застапеност. Така, во согласност соЗаконот, по предлог на *Македонскиот младински прес*, *Советот на младински НВО*, МОН и Министерството за финансии и со Одлука на Владата на Република Македонија[22] на 13 ноември 2007 година за членови на Управниот одбор (УО) на Националната агенција, со мандат од четири години, беа именувани:

1. Виолета Наумовска, претседател (по предлог од *Советот на младински НВО*);
2. Весна Стојчевска, член (по предлог на *Министерството за финансии*);

[19] *http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/056%20sednica%2005%20prodolzenie%2007-09-2007.pdf*

[20] *Ibid*

[21] *http://www.ustavensud.mk/domino/WEBSUD.nsf/ffc0feee91d7bd9ac1256d280038c474/821a0c39fc440811c12578630033ef6c?OpenDocument*

[22] *http://www.slvesnik.com.mk/Issues/2046D5725087BC4895B26DF41F6DC5A9.pdf*

3. Игор Домазетовски, член (по предлог на *Македонски младински прес*);
4. Македонка Дичоска, член (по предлог на *Советот на младински НВО*), и
5. Исамедин Азизи, член (по предлог од *Министерството за образование и наука*).

За да имаме подобра претстава за меѓусебните релации на сите овие членови, треба одблиску да ги видиме двете невладини организации споменати во Законот. Првата, *Советот на младински НВО* има повеќе составни членки, и тоа: 1) *Младински форум Око*[23]; 2) *Волонтерски центар Скопје*[24]; 3) *Македонски модел на Обединените нации*[25]; 4) *Фонд за развој на млади*[26]; 5) *Младински совет на Ѓази Баба*[27]; 6) *Младински совет на Кисела Вода*[28]; и 7) други невладини организации.

Основач/овластено лице на организацијата од април 2007 до април /2008 е Катерина Станкоска, која од февруари 2008 г. станува раководител на сектор во Националната агенција. Под нејзино водство, во ноември 2007 година, *Советот на младински НВО* номинира двајца од вкупно петте членови во УО на Националната агенција, и тоа: (1) Виолета Наумовска (нејзината сестра) и (2) Македонка Дичоска. Од април 2008 година овластено лице на *Советот на младински НВО* е Дејан Наумовски, инаку сопруг на претседателката на УО, Виолета Наумовска. Организацијата се води на истата (домашна) адреса на Катерина и Никола Станкоски, идентична со службената адреса на *Волонтерски центар* (ул. „Сава Ковачевиќ“ 47-4/6, Кисела Вода, Скопје). *Македонскиот младински прес*, пак, во ноември 2007, номинира еден од петте членови во УО - Игор Домазетовски, кој е истовремено и основач на оваа НВО со седиште на ул. „Плитишта“ бр. 4, Струга[29]. Домазетовски е долгогодишен соработник на Бошко Нелкоски. Во ноември 2010 година, оваа НВО го промени името во *Младински прес*.

Членовите на УО, непосредно по изборот, објавија конкурс за избор на директор на којшто се јави само еден кандидат – Бошко Нелкоски. Тој беше избран во декември 2007 година.

[23] Бошко Нелкоски, идниот директор на Националната агенција е основач, Јован Попоски, иден вработен во Агенцијата, е поранешен директор. Неда Ахчиева, исто така, вработена во Агенцијата била координатор на проекти, Игор Домазетовски е координатор на проекти и член на УО на Агенцијата, но на предлог на друга НВО (*Македонски младински прес*), а Лулеса Илјази е соработник и иден вработен во Агенцијата. *Младинскиот форум Око* добил грант од 5.400 € во септември 2009 година, но користи и средства од Брисел (поточно, финансирани се 11 проекти, со вкупна вредност од 235.211,50 евра до 2011 година).

[24] Никола Станкоски е основач и директор на организацијата, но и брат на Катерина Станкоска, која, пак, е основач и овластено лице на *Советот на младински НВО*. Катерина Станкоска подоцна станува раководител на секторот за финансиско-правно работење во Агенцијата. Никола Станкоски е и брат на Виолета Наумовска, претседателот на УО на Агенцијата. Македонка Дичоска е, исто така, член на организацијата, но и член на УО на Агенцијата. Лулеса Илјази е соработник на оваа НВО, но и раководител на сектор во Агенцијата. Ѓоко Вукановски е обучувач на оваа НВО. Александар Богојевски е, исто така, соработник, но и вработен во Агенцијата, како и роднина на Ѓоко Вукановски). И оваа НВО активно користи средства од Агенцијата, но и од Брисел (19 проекти во вредност од 385.628 евра до 2011 година).

[25] Неда Ахчиева е основач и соработник на оваа НВО, но и раководител на сектор во Агенцијата (2008–2011).

[26] Оваа организација е контакт-точка за програмата *Млади во акција*, номинирана од Агенцијата во 2009 г. и е добитник на средства (9.883 евра) од Агенцијата во септември 2009 година, но и од Брисел (5 проекти со вкупна вредност 101.611 евра). *http://www.sega.org.mk/web/index.php?option=com_content&view=article&id=153:-youth-in-action&catid=44:---2009&Itemid=81&lang=mk*

[27] НВО блиска до директорот на Агенцијата, Бошко Нелковски, која соработува со *Младински форум Око* и со *Волонтерски центар Скопје*.

[28] НВО блиска до директорот на Агенцијата, Бошко Нелковски, која соработува со *Младински форум Око* и со *Волонтерски центар Скопје*.

[29] Оваа адреса е и адреса на имот кој е во сопственост на семејството на Јован Попоски, вработен во Агенцијата.

За споредба, Управниот одбор на Националната агенција во Хрватска, со која толку многу сакаше да се споредува Нелковски, го сочинуваат седум члена, и тоа[30]: 1) претседател – претставник од Министерството за наука, образование и спорт; 2) член од Министерството за наука, образование и спорт; 3) член од Министерството за семејство, бранители и генерациска солидарност; 4) член од Министерството за финансии; 5) член од редот на вработените; 6) член од академската заедница; и 7) член од Агенцијата за стручно образование.

2.3. Како се прави тим од соништата?

Следниот логичен чекор беше изградбата на административниот капацитет на институцијата, со цел ефективно и ефикасно да се управуваат програмите за коишто истата беше основана. Така, директорот почна да вработува и да гради свој тим. Според тогашните законски прописи, за Националната агенција не важеа правилата за вработување предвидени во Законот за државни службеници. Со тоа на директорот Нелковски му беше дозволено да одлучува сам за, според него, најдобрите кандидати за предвидените работни места.

Многу појасен ќе ни биде „тимот од соништата“ на директорот Бошко Нелковски ако поблиску се запознаеме со организациите кои се дел од него и на кои им е доверена привилегијата да одлучуваат за проектите, чиишто придобивки треба да ги почувствуваат илјадници млади од Македонија. Прво, *Советот на младински НВО* е основан во април 2007 година, односно во исто време кога започна постапката за донесување на Законот за основање на Националната агенција. Прашање е *како* и *зошто* токму оваа невладина организација е ставена во Законот и кој ја внел таму? Нејасно е како било разговарано со другите младински организации, кои наводно со консензус решиле оваа организација да биде дел од Законот, како што тврдеше претставникот од МОН, кога таа не постоела кога се воделе овие дискусии во Собранието?

[30] *http://www.mobilnost.hr/index.php?id=15*

На Слика 3 се обидовме графички да ги прикажеме сите сложени меѓусебни врски



Слика 3 – Графички приказ на разгранетата пејзажина на Националната агенција

Што гледаме од графичкиот приказ? Меѓусебната поврзаност на невладините организации од Законот и Националната агенција зачудува. Нејасно е како службите затаиле и не ги провериле основните факти при воспоставувањето на оваа мошне важна институција.

Сепак, колку да нема заблуди, некои од горенаведените лица се и „креативни“. Така, на пример, Дичоска, на 9 септември 2008 година, откако беше именувана за член на УО на Националната агенција, го основа претпријатието Либриаго, со седиште на ул. „Емил Зола“ 3-2/3 во Скопје, каде што се и канцеларииите и на *Волонтерскиот центар Скопје*[31]. Неколку месеци пред тоа, сопругот на претседателката на УО на Националната агенција го основал претпријатието *Дарма дивали*.

[31] *http://www.vcs.org.mk/index.php?option=com_contact&view=contact&id=1&Itemid=59&lang=mk*

2.4. Тимот надграден и проширен

Заслужува внимание и втората (не)владина организација спомената во Законот за основање на Националната агенција - *Македонски младински прес*. Таа е основана во Струга во мај 2007 година[32], повторно откако започна постапката за донесување на Законот за основање на Националната агенција. *Македонскиот младински прес* номинираше еден (1) од вкупно петте (5) членови во УО на Националната агенција. Номинираниот член во УО на Националната агенција, Игор Домазетовски, е и претседател на *Македонскиот младински прес*. Истото лице – Игор Домазетовски – случајно или не - во повеќе наврати се јавува и како активист на *Младинскиот форум Око*, организацијата чијшто основач е токму Бошко Нелковски, директорот на Националната агенција.

Но, да ги видиме и другите основачи на оваа невладина организација,на која Владата (и владејачкото мнозинство во Собранието) со Закон ѝ ја загарантира можноста да номинира член во УО на Националната агенција. За нашето истражување се важни следниве основачи:

1. Игор Домазетовски, член на УО на Националната агенција;
2. Ангелко Маркоски, основач и прв овластен потписник на една друга организација - *Центар за рурарен развој на Југоисточна Европа (ЈИЕ)*, од с. Јабланица, Струшко, каде што работи заедно со лицето Трајче Нелкоски, татко на директорот на Националната агенција, Бошко Нелкоски. Инаку, името на организацијата е *Центар за рурарен развој* и не станува збор за печатна грешка;
3. Руждие Исмајлоска, мајка на Нола Исмајлоска[33], се појавува во ОСУМ невладини организации корисници на средства од програмата *Млади во акција,* одобрени и од Брисел и од Скопје.

Основачкиот закон на Националната агенција има и уште неколку други недостатоци. Прво – случајно или не – Законот не предвидел обврска вработувањата во Националната агенција да се вршат според постојниот систем на државни службеници. Тоа практично му даде ексклузивни права на Бошко Нелкоски и на УО, така што тие не мораа ниту формално да вклучат друг во постапката за вработување.

Од почетокот на 2008 година започна поинтензивното градење на капацитетите на Националната агенција. Принципот „стручност и компетентност“ се чини е само декларативен. Произволно (или не) се вработуваат раководители на сектори и одделенија, а некои од нив дури и без претходно соодветно работно искуство. Најочигледен пример е Јован Попоски, кој од март 2008 година до мај 2009 година[34] е директор на *Младински форум Око* од Струга. Истовремено, од октомври 2008 година тој се вработува во Националната агенција, на позиција раководител на Секторот за општо образование, позиција за која се потребни најмалку три години искуство. Тукушто дипломираниот Попоски денеска е национален координатор на целата програма *Доживотно учење*.

Друг пример е Неда Ахчиева, основач на *Македонскиот модел на ОН*, но и соработник[35] на *Младински форум Око* од Струга. Во октомври 2008 година таа се вработува во Националната агенција на позицијата раководител на Секторот за терцијално образование. Дури и да не се во прашање сите нејзини „врски“, која е логиката позицијата македонски национален координатор на програмата *Еразмус* – патем, најпрестижната европска програма за студентска мобилност – да му ја препуштите на тукушто дипломирано лице во своите рани дваесетти години? Само неколку месеци пред тоа, во јануари 2007 година, таа ја промовираше невладината организација *Младински форум Око* во Владата на Република Македонија[36], заедно со Бошко Нелкоски и Јован Попоски.

[32] Извод од Централен регистар, види Прилог 2.

[33] *http://www.salto-youth.net/downloads/toy_trainer_download-file-1389/Europass-Nola_Ismajloska.pdf*

[34] Централен регистар на Република Македонија, уписи на промена, *Младински форум Око*, Прилог 2

[35] *www.salto-youth.net/downloads/4-17-807/*

[36] *http://www.idividi.com.mk/vesti/svet/371595/index.htm*

Слика 4 – Фотографија на Јован Поповски, Бошко Нелкоски и Неда Ахчиева од настаноот во Владата

Истата 2008 година, во Националната агенција се вработува и Лулеса Илјази, соработничка од *Волонтерскиот центар Скопје,* и тоа како раководител на Секторот за стручно образование и обука – национален координатор за програмата *Леонардо да Винчи*.

Во Националната агенција во 2008 година се вработува и кумашинката на Бошко Нелкоски, Лидија Алексоска, како архиварка. Подоцна, се вработуваат и други активисти од (не)владината на Нелкоски (*Младински форум Око)* и дел од (не)владината на Никола Станкоски (*Волонтерски центар Скопје)*. Се вработи и дел од партискиот кадар – оној дел кој нема многу да прашува што се случува, туку ќе си ја гледа работата и ќе си зема добра плата. Така, се вработуваат и неколку роднини на „истакнати лица" како сестрата на советникот во Кабинетот на Премиерот, Даниела Веловска[37], која преку нејзиниот брат, Славе Веловски, континуирано испраќа добри гласови до Премиерот за одличната работа на Националната агенција. Има и такви вработени кои видоа перспектива за „терање свој приватен бизнис" со директорот. Така, двајца раководители на Националната агенција, Гоце Величковски и Дејан Златковски, ја основаа фирмата *Агрономија органика* со седиште во село Драслајца (инаку родното село на таткото на Бошко Нелкоски). Интересно е и тоа што едниот од основачите е од Делчево, а другиот од Скопје, а сепак фирмата – случајно или не – е регистрирана во Драслајца.

[37] Видете го неделникот *Фокус* од 11 јуни 2010 година.

2.5. (Пара)младински организации

Единствените кои од осамостојувањето до денес искрено се залагаа за интересите на младите во Македонија се активните и видливи младински организации. И покрај обидите за водење ефективни младински политики од страна на неколку политички субјекти, партиските интереси и желбата за власт не дозволија да им се даде вистински приоритет на младите. Доказ за тоа е начинот на кој (не) се спроведува Националната стратегија за младите, стапката од 60% невработеност меѓу активните млади, како и сè поголемиот интерес на младите да ја напуштат државата. За проблемите на младите и за нивните вистински приоритети говореа единствено младинските организации кои со реални акции укажуваа на клучните проблеми, нудејќи решенија. Тоа се оние организации кои први ги пренесоа меѓународните искуства во Македонија и први проговорија за потребата од подобро младинско организирање во Македонија.

За жал, се појавија и други (пара)младински организации, кои окупираа и уништија важен дел од можностите за младите, овозможени токму од ЕУ. Програмите *Доживотно учење* и *Млади во акција* можеа да бидат вистинска шанса за младите да ги унапредат своите знаења и капацитети, да го зголемат својот општествен ангажман и да ја подобрат својата позиција во општеството. Судбината која ги снајде младите со начинот на кој беше основана и со начинот на кој работи Националната агенција остави трајни лузни врз младинскиот сектор во државата.

Пајажината од (пара)младинци и (пара)активисти и нетранспарентната Национална агенција резултираше со селективно информирање на младинските организации за можностите кои ги нудат европските програми и со наменско создавање нови, фиктивни парамладински организации кои ќе бидат подобни да станат корисници на европските пари. Особено е симптоматично тоа што за ваквите

организации не можете да најдете податок дека реализирале активности со или за млади - ги нема во медиумите, ги нема во ниту една граѓанска иницијатива, не се членки на ниту една од профилираните младински мрежи, ниту пак оствариле соработки со нив. Парамладинските организации ги нема во иницијативата за основање *Национален младински совет*. Ги немаше ниту кога младите реагираа на спорниот Предлог-закон за млади, не се огласија да ги смируваат меѓуетничките тензии, немаа став за убиството на Мартин Нешковски како резултат на полициска бруталност, не се дел од Иницијативата за одбрана на младинското учество „*Република млади*“, а не се забележани ниту во поголемите мрежи на младински организации, како *Сојузот на извидници* или *Младинските клубови* при *Црвениот крст на Република Македонија*.

Дел од организациите блиски до Националната агенција може да се видат единствено на листата на членките на *Коалицијата СЕГА*, мрежа од организации чие дејствување стана предмет на преиспитување меѓу младите, особено по нивната одлука да го поддржат спорниот Предлог-закон за млади, како и нивната одлука да не се приклучат кон основањето на *Националниот младински совет*, како највисоко младинско претставничко тело кое треба да ги брани интересите на младите.

Иако меѓу носителите на грантови добиени преку Националната агенција ќе се најдат и неколку организации кои повеќекратно ги покажале своите капацитети и функционираат со реално членство на терен, сепак повеќето од грантистите кои „сработиле“ стотици илјади евра се дел од пајажината на Бошко Нелкоски.

Штетата од ваквото однесување е повеќекратна, за младинските организации воопшто, но и за сите млади од Македонија. Создадените параорганизации долгорочно го нарушија општиот имиџ на младинскиот сектор, ставајќи се во ист кош со организациите кои се реално активни и кои се секојдневно присутни меѓу младите. Злоупотребени се огромни суми европски пари кои наместо да завршат за интересите на младите, испариле во воздухот.

Поука не е извлечена ниту од суспендирањето на парите од страна на Брисел, па по повторното активирање на програмите, парамладинската пајажина продолжи да прави штети. Конечно, најголемата штета ја претрпеа младите. Наместо милионите евра да се вложат во градењето на младинските капацитети во оваа држава - за да не може веќе никој да ги обвинува младите дека се некадарни и некапацитетни - парите завршија во градењето на капацитетите на сомнителните парамладински пајажини.

3. НАЦИОНАЛНАТА АГЕНЦИЈА НА ДЕЛО

Бидејќи Националната агенција е во подготвителна фаза, нејзините активности се финансираат од ИПА, а формално од ЕК е дадена ограничена рамка за учество во повиците на програмите во дел од акциите[38]. Во оваа фаза, Националната агенција треба да ги развива и јакне институционалните капацитети за управување со програмите *Млади во акција* и *Доживотно учење*. На крајот од подготвителниот период, Националната агенција треба да има соодветни капацитети за ефикасно и успешно спроведување на програмите. Само така е можно да се добие акредитација за функционално работење коешто се карактеризира со квалитетен и здрав финансиски менаџмент усогласен со одредбите на ЕУ[39].

Главни показатели со кои ЕУ ја проценува ефективноста и успешноста на Националната агенција се спроведените пилот-проекти, при

[38] http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:C:2009:035:0018:0019:EN:PDF, *http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:C:2011:373:0013:0015:EN:PDF*

[39] Член 54 и член 56 од Регулативата на Евроатом бр. 1605/2002 и член 38 од Регулативата на Евроатом бр. 2342/2002.

што работата на Националната агенција треба да биде во согласност со административните критериуми. Од начинот на реализација на пилот-проектите, ЕК проценува дали Националната агенција ги спроведува задачите на задоволително ниво - и без конфликт на интереси - и дали има институционална способност за примена на програмските правила и услови утврдени на ниво на ЕУ.

Во Националната агенција, по вработувањата од 2008 година, дојде време за избор на првите проекти во програмата *Доживотно учење* и *Млади во акција*. Тоа се случува во текот на 2009 година. Со оглед на тоа дека *Доживотно учење* е малку покомплицирана програма за работа, попогодна за тимот на соништата на Бошко Нелкоски се покажа програмата *Млади во акција*.

Во истиот период се основаа уште неколку младински невладини организации, меѓу кои и оние на родителите на сопругата на Бошко Нелкоски, на неговиот татко, Трајче Нелкоски, на неговиот кумашин, итн. Речиси сите овие младински невладини организации, како и оние на кои им беше доверено управувањето со Националната агенција (*Македонски младински прес* и *Советот на младински НВО*), користејќи ги сите ресурси и информации, аплицираа за проекти од програмата *Млади во акција* на централно ниво директно во Брисел, со единствена намера да се прикаже кредибилитет, верувајќи дека никој нема да може да ја оспори нивната успешност поради вклученоста на Брисел.

Ваквата тактика се покажа мошне успешна. Од една страна се обезбедува поголема вклученост во програмата *Млади во акција* преку мрежата од невладини организации, а од друга страна се зголемува апсорпциското капацитет на „државата“ или барем на политички подобните во државата. Истовремено, на национално ниво се развива и административниот капацитет, бидејќи НВО-мрежата генерира проекти, а Националната агенција прикажува успешно управување со средствата од ЕУ.

Но, домашниот есап на пазар не излегува. Тимот од соништата немаше трпение и од самиот почеток – уште во првиот круг во 2009 година – мораше да се „офајди“ од првите средства наменети за пилот-проекти. Така, средствата завршија кај невладините организации кои се директно поврзани со управувачките структури на Националната агенција. Средствата од првите пилот-проекти на програмата *Млади во акција* отидоа кај организации кои се составни членки на *Советот на младински НВО*[40], односно на *Младински форум Око* од Струга, на *Фондот за развој на млади* од Охрид (што е истовремено и национална контакт-точка за програмата *Млади во акција*, именувана од Националната агенција), на *Младински креативен центар* од Велес (здружение основано од братот на сопругата на Бошко Нелкоски – лицето Никола Коцевски од Велес), како и на *Центарот за рурарен развој на ЈИЕ* од с. Јабланица, здружение во кое еден од петте основачи е Трајче Нелкоски, татко на Бошко Нелковски.

Доделени се средства и на невладина организација во која се појавува името на раководител од Националната агенцијата - *„Еразмус студентска мрежа“* од Скопје, во која член на Надзорниот одбор на организацијата е Неда Ахчиева, раководител на сектор во Националната агенција. Два проекта имаат идентични партнери, и тоа: проектот на *Центарот за рурарен развој на ЈИЕ*, од с. Јабланица, и проектот на *Младинскиот креативен центар* од Велес. Тоа се партнерите: *Асоцијација за граѓанско општество на Словенија – ЛОМ*, организација во која работи Мишко Ашталкоски поранешен координатор[41] на проекти на *Младинскиот форум Око* и *Ансамблот „Гоце Делчев“* од Бугарија, фолклорна група која соработува со, кој друг, ако не, *Младинскиот форум Око*.

[40] *http://www.na.org.mk/tl_files/docs/yia/YiA2009/YiA_rez_%20grants_2009.pdf*

[41] Евидентно, во листите на проекти добиени од страна на *Младински форум Око*, Струга, дадени во Прилог 1, каде што лицето Мишко Ашталкоски се јавува како контакт во вкупно четири проекти, со вкупна сума од нешто помалку од 100.000 евра, во име и на сметка на *Младински форум Око* од Струга.

3.1. Кривично дело или неетичко работење?

Во почетокот од 2010 година во медиумите, конечно, почнаа да се јавуваат текстови кои документираат и известуваат за работењето на Националната агенција. Гледано од денешна перспектива, медиумите информираа само за еден дел на сомнителните околности. За жал, судирот на интереси што постоеше во Националната агенција во тој период е значително поголем и посистематски од она што го пласираа медиумите.

Реалноста во Националната агенција започна да ја разоткрива дневниот весник *Нова Македонија*[42], следејќи го објавувањето на нашиот трет извештај од следењето на процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ, насловен *„МК@ЕУ - Лисабон - Скопје - Атина“*[43], во октомври 2009 година, односно веднаш по доделувањето на првите грантови. Во втората половина на јануари и во почетокот на февруари 2010 година, речиси и да немаше медиум (печатен или електронски) кој не информираше за злоупотребата на средствата во Националната агенција. Дури и премиерот Груевски даде своја изјава за случајот: *„Препорачавме до Управниот одбор под итно да го преиспита случајот, да ги провери фактите и доколку има навистина некое незаконско или неетичко работење да го разреши директорот. Доколку, пак, постои законско или етичко работење да објасни на јавноста зошто е тоа така. Ако постои незаконско работење во тој случај, ќе има и кривична постапка и за тоа ќе одлучуваат судовите. А ако постои само неетичко работење, во тој случај ќе има само разрешување“*[44].

Разрешувањето на директорот Бошко Нелкоски никогаш не се случи. Ние, МЦЕО и ФООМ, во речиси сите наредни извештаи залудно повикувавме на владеењето на правото и на соодветно казнување на директорот Нелковски[45]. Сепак, во неколку медиуми беше објавено дека директорот кој злоупотребувал бил разрешен, но во суштина тој непречено си ја вршеше „работата“.

Конечно, под големиот притисок од јавноста, на 23 февруари 2010 година, Нелкоски си поднесе оставка[46], обвинувајќи дека против него се водела хајка, полна со лаги и невистини. Тој никогаш не даде конкретно објаснување како токму тие невладини организации, чиишто основачи се роднински поврзани со него, добиле средства од Националната агенција, а Владата воопшто не беше заинтересирана докрај да го расчисти случајот. Во оставката тој се пофали за успесите на Националната агенција и не заборави да му оддаде признание на тимот што работи во неа и кој – како што потсети – самиот го создал и се гордеел со него.

„Ако постои незаконско работење, во тој случај ќе има и кривична постапка…“ рече Премиерот, но случајот на Бошко Нелковски е еден од оние ветени, но неостварени дела. Имено, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, до Јавниот обвинител на Република Македонија достави иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на поранешниот директор на Националната агенција, Бошко Нелкоски, поради *„основано сомневање дека во периодот 2008 – 2009 година сторил кривични дела ‘„злоупотреба на службената положба и овластување‘ од член 353 став 1 и став 5 и ‘несовесно работење во службата‘ од член 353-в од Кривичниот законик на Република Македонија, затоа што во раководењето со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност,*

[42] *http://novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=11310101962&id=9&setIzdanie=21883*

[43] *http://soros.org.mk/dokumenti/Tret-izvestaj-MK-so-CIP.pdf,* стр.60.

[44] *http://www.vest.com.mk/?ItemID=6A2BB09DD00D484385E9B77315699446*

[45] Петти извештај насловен „ Чуму ни е Парламент“? стр. 72, април 2010 година. Достапен на нашата веб-страница: *http://mcet.org.mk/wp-content/uploads/2011/05/petti-izvestaj-MK-za-web.pdf*

[46] Оставката на Бошко Нелкоски е достапна на: *http://na.org.mk/tl_files/docs/ostavka.pdf*

при располагањето со средствата и спроведувањето на постапките за јавни набавки на Националната агенција постапувал спротивно на своите службени овластувања и не обезбедил правилно и законито користење на средствата на Националната агенција и, воедно, при изборот на крајните корисници на програмите кои ги остварува Националната агенција, со повреда на прописите за судир на интереси, постапувал несовесно при вршењето на своите овластувања и должности и притоа за себе или за друг прибавил имотна корист"[47]. Според извештајот, предметот бил во Јавното обвинителство. Што се случи со предметот – остана мистерија.

Пред оставката се случија експресни разрешувања на УО и тоа со Одлука на Владата на Република Македонија. На 26 јануари 2010 година беше разрешен стариот и именуван нов УО. Дури тогаш, сериозно беше сфатен проблемот со членот 12 од Законот за основање на Националната агенција, според кој, повторно, за да биде сè според законот, и во новиот УО, двајца од членовите треба да бидат номинирани од *Советот на младински НВО* и еден од *Македонскиот младински прес*.

Истиот ден кога Нелкоски поднесе оставка, со став до јавноста се обратија и раководителите на секторите во Националната агенција. Во отворено писмо до јавноста, тимот со кој Нелкоски се гордее, меѓу другото објави: *„Лицата кои во иднина неосновано ќе го нападнат угледот, интегритетот, кредибилитетот и личноста на вработените во Агенцијата, а со тоа ќе извршат директен атак врз нивните кариери, ќе се здобијат со пријави за тужби"... „Ве информираме дека средствата за програмите не се стопирани, ниту, пак, има најава за такво нешто. Сите изјави кои го тврдат тоа се обични лаги и дезинформации"... „Ве информираме дека во изминативе 3 недели од страна на Министерството за образование и наука, кое е национален авторитет на Агенцијата, беше извршена ревизија на целокупното работење на Националната агенција од 2008 година до денес. По добивањето на извештајот, Националната агенција ќе ги објави наодите од истиот и ќе ги направи достапни за увид на македонската јавност"*[48].

Ревизорскиот извештај никогаш не беше јавно објавен. Истиот го имаше само пратеникот Цветко Грозданов уште во мај 2010 година, на што се повика кога говореше во Собранието[49]. Обичните лаги и дезинформации се покажаа вистинити. Средствата беа блокирани во целост од страна на ЕК, и тоа цели две години – 2010 и 2011 година – а тимот од соништата на Нелкоски до ден денес остана да работи во Националната агенција. Од сето она што беше изјавено, како точна се покажа единствено заканата со тужбите.

По оставката на Бошко Нелкоски на 23 февруари 2010 година, на 5 март 2010 година УО на Националната агенција за в.д. директор го именува Ратко Капушевски, дотогашен советник во *Агенцијата за млади и спорт*, спротивно на членот 18, став 2 од Законот за основање на Националната агенција, каде што стои дека вршителот на должноста мора да биде од редовите на вработените во оваа институција.

Во почетокот од април 2010 година, пратениците од власта и од опозицијата водеа жестока дискусија во Собранието на Република Македонија за скандалот со европските пари[50]. И покрај сè, владејачкото мнозинство не го прифати предлогот на опозицијата за измени на Законот за основање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

[47] Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2011 година, стр. 13. Достапен на: *http://www.dksk.org.mk/images/stories/pdf/godisni%20izvestai/god_izvestaj_2011.pdf*

[48] *http://na.org.mk/tl_files/docs/yia/OtvorenoPismoDoJavnosta.pdf*

[49] *http://sobranie.mk/ext/exporteddocumentdownloadwindow.aspx?Id=18fd9533-cf3d-404b-a4fd-2032b3a8e167&t=pdf*

[50] *Ibid*

На 7 април 2010 година, за нова директорка на Националната агенција беше избрана Љубинка Славеска, ќерка на поранешниот министер за финансии, Трајко Славески, и тогаш свршеница на Јован Андоновски, државниот секретар во Секретаријатот за европски прашања[51]. На 28 април 2010 година, Националната агенција на својата веб-страница објави дека по барање на ЕК, програмата *Доживотно учење* се става во мирување, како и програмата *Млади во акција*.

Вработените во Националната агенција не само што останаа на истите работни места по разоткривањето на аферата, туку никој не одговараше за злоупотребата. Темата со текот на времето почна полека да се заборава. Во јавноста преовладуваше мислење дека е проневерен еден или два проекта, но вистината е дека првиот пат Националната агенција документирано додели најмалку 5 од вкупно 7-те проекти на свои организации кои тогаш беа директно поврзани со УО, директорот и со дел од раководителите.

3.2. Ревизорски ветер во грбот

Дополнителна поддршка за вработените во Националната агенција дојде и од ревизорскиот извештај[52], напишан на англиски јазик и издаден од локална, рака на срце, овластена ревизорска куќа. Тогашниот министер за образование, Никола Тодоров, пролетта 2010 година, го ангажира локалниот ревизор Николаки Миов од скопската фирма *Ефект плус*.

Неколку месеци пред тоа, во август 2009, Никола Тодоров станува нов член на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп, еден месец по неговото именување за министер за образование, што е типичен конфликт на интереси. Случајно или не, со истото решение и на истата фукција е именуван и Славко Котески, кој, пак, е вујко на Бошко Нелкоски и кандидат за градоначалник на ВМРО-ДПМНЕ за општина Струга на локалните избори 2009 година.

Ревизорот Николаки Миов од скопската фирма *Ефект плус*, се споменува во еден текст во весникот *Капитал*. Имено, *МРТВ* со години до Собранието испраќала погрешни финансиски извештаи и планови. Заедно со поранешниот менаџмент на *МРТВ* на отчет биле повикани и независните ревизори од скопската фирма *Ефект плус*, односно оние кои низ годините во своите извештаи давале позитивни мислења за финансиската работа на јавниот сервис. Особено паѓа во очи контрастот меѓу оценките на две различни ревизорски куќи кои ги „чешлале“ финансиите на *МРТВ* во 2010 година и во 2011 година[53].

Ова отвора две дилеми: Прво, дали министерот Тодоров, сакајќи да ги заштити своите партиски другари, ја избрал ревизорската фирма која веќе се покажала како „услужно ориентирана“? И второ, дали системот повторно не затајува ако *Ефект плус* станува позната по своите „извештаи по мерка“?

Извештајот на оваа локална ревизорска куќа долго беше крие од јавноста. Истиот извештај го бараа новинарите, првенствено новинарката од *Нова Македонија*, Ивана Костовска, која потоа премина во *Дневник*, и која во меѓувреме доби три кривични пријави

[51] Во 2011 година, Љубинка Славеска ја напушта директорската функција на Националната агенција, а на нејзино место доаѓа Дарко Димитров, претходно вработен во истата.

[52] Ревизирскиот извештај на *Ефект-плус* е даден во Прилог 3

[53] *http://www.kapital.mk/MK/dneven_vesnik/83319/ako_karanakov_i_gashtov_knizhele_pogreshno,_zoshto_chashule_odobruval_.aspx?iId=2710*

само затоа што известувала за случајот. Едната кривична пријава е од Бошко Нелкоски, втората од вујкото на Бошко Нелкоски, Славко Котески. Третата тужба е од Никола Станкоски од *Волонтерскиот центар Скопје* (братот на Катерина Станкоска, актуелен раководител на сектор во Националната агенција и на Виолета Наумовска, првиот претседател на УО на Националната агенција). Како куриозитет, адвокат на Никола Станкоски во спорот против новинарката Костовска е лицето Љубе Симјановски, кој се јавува и како правен застапник на Националната агенција во други предмети.

Впечатливо во овој ревизорски извештај е тоа што наодите во него се добиени преку интервјуа со вработените. Еден од главните сведоци од вработените е Катерина Станкоска, која всушност беше основач и овластено лице на *Советот на младински НВО*. Таа во исто време раководеше со буџетот на Националната агенција. Надзор над нејзиното работење фактички вршеше нејзината сестра, разрешената претседателка на УО на Националната агенција [54]. Токму Катерина Станкоска „објективно" му објаснувала на ревизорот за тоа дали имало конфликт на интереси и злоупотреби во Националната агенција.

Во најмала рака, во овој ревизорски извештај е спорна тезата дека постои само една мала техничка грешка, во само еден проект. Таквото толкување упатува на заклучокот дека поради таа – наводно незначајна – грешка е разрешен УО и директорот, а во основа ги амнестира од одговорност вработените во Националната агенција. Ревизорот дури си зема за слобода да ги обвинува новинарите и медиумите дека претерале во овој случај. Оваа теза е потполно идентична со онаа што Бошко Нелкоски ја застапува во неговата оставка од позицијата директор на Националната агенција во февруари 2010 година. Сепак, вистината е дека тогашниот директор со неговиот тим од Националната агенција ги распредели парите на седум проекти, од кои подолу се наведени петте спорни:

- *Младински креативен центар од* Велес - грант од 8.693 евра. Да потсетиме дека ова здружение е основано од братот на сопругата на Бошко Нелкоски, Никола Коцевски од Велес. *Во ревизорскиот извештај се наведува само делумна техничка неправилност на овој проект*.
- *Младински форум Око* од Струга, чијшто основач е токму Бошко Нелкоски – грант од 5.400 евра. До мај 2009 година со ова здружение управуваше Јован Попоски, раководител во Националната агенција. *Овој факт е забошотен и воопшто не е спорен за локалниот ревизор*.
- *Центар за рурарен развој на ЈИЕ* од с. Јабланица, Струшко – грант од 6.180 евра. Ова е здружение каде што еден од петте основачи е и Трајче Нелкоски, таткото на Бошко Нелкоски, како и извесен Васко Нелкоски, исто од селото Драслајца, Струшко. *Овој факт е прикриен*.
- *Фонд за развој на млади*, од Охрид – грант од 9.883 евра. Оваа невладина организација е составна членка на *Советот на младински НВО,* која според тогашниот Закон за основање на Националната агенцијата номинираше двајца (2) од петте (5) членови во УО. *Овој факт е, исто така, прикриен*.
- *Еразмус студентска мрежа* од Скопје – грант од 9.586 евра. Член на надзорниот одбор на оваа организација е Неда Ахчиева, вработена во Националната агенција како раководител на сектор. Ахчиева се јавува и како експерт за оценување на проектни апликации од програмата *Млади во акција* на национално ниво. *И овој факт е прикриен*.

Ревизорскиот извештај на Николаки Миов од *Ефект плус* утврди само незначителни технички забелешки, ги прикри злоупотребите на проектите, но и ја „разубави" фактичката состојба во Националната агенција. Како таков, тој се користеше од македонска страна во комуникацијата со Брисел, застапувајќи ја тезата дека имало само една

[54] *http://www.slvesnik.com.mk/Issues/ABCBBB808C582943B4A3287BD0629357.pdf*

мала незначајна грешка во работата на Националната агенција, во само еден проект и дека поради тоа е разрешен УО и директорот и дека сè друго е сосема исправно.

На сликата подолу е прикажан најспорниот дел од извештајот на Николаки Миов – Делот 4.3. Процес на процена и методологија (4.3 Assessment Process and Methodology).

4.3. Assessment Process and Methodology

We have obtainted sufficient understanding of the applicable contractual framework and applicable laws and regulations together with sufficient appropriate evidence to be able to draw reasonable conclusions on which we base the assessment.
We performed interviews with key and other personnel of the NA;
- Head of Department of Youth in Action Programme activities;
- Head of Department for Legal, financial and horizontal affairs;
- Head of the units for implementation of specific sub-programmes, accounting, general and common duties;
- Other personel;

Превод: 4.3. Процес на процена и методологија

„Стекнавме доволно познавање на применливата договорна рамка и применливите закони и прописи заедно со доволно соодветни докази за да може да се подготват разумни заклучоци врз коишто ја темелиме процената.

Спроведовме интервјуа со клучните, како и со другите вработени во Националната агенција:

- со раководителот на Секторот за младински активности;
- со раководителот на Секторот за правно и хоризонтално работење;
- со раководителите на одделенијата за спроведување посебни потпрограми, сметководство, општи и заеднички работи,
- со преостанатиот персонал.

Во овој дел е објаснета методологијата која првенствено се темели на интервјуа со вработените во Националната агенција, и тоа со: 1) раководителот на Секторот за младински активности, Снежана Манчева; 2) раководителот на Секторот за правно и хоризонтално работење, Катерина Станкоска; 3) раководителите на одделенијата за спроведување на посебни потпрограми, сметководство, општи и заеднички работи; и 4) со преостанатиот персонал, всушност со мнозинството вработени од првиот директор Бошко Нелкоски и првиот УО на Националната агенција, кои совршено се вклопија во концептот на ревизорскиот извештај за успешно да се прикрие целата афера во 2010 година.

На Слика 5 подолу е даден графички приказ на врските на директорот Бошко Нелкоски.



Слика 5 – Врските на Бошко Нелкоски

3.3. Контрадикторни наоди

Државниот завод за ревизија (ДЗР) и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), во своите извештаи за работата на Националната агенција излегоа со сосема спротивни наоди од оние на скопската ревизорска куќа *Ефект плус*. Конечниот извештај на ДЗР изготвен за финансиското работење на Националната агенција во 2010 година, во своето резиме наведува: *„...Врз основа на резултатите од ревизијата, изразуваме негативно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината која е предмет на ревизијата, како и за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива...“*[55].

Во текот на 2011 година, ДКСК до Јавниот обвинител поднесува сопствена иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на поранешниот директор на Националната агенција, Бошко Нелкоски, поради основано сомневање дека во периодот 2008–2009 година сторил кривични дела *„злоупотреба на службената положба и овластување“* од член 353 став 1 и став 5 и *„несовесно работење во службата“* од член 353-в од Кривичниот законик[56]

ДКСК, пак, на прес-конференцијата одржана на 18 јануари 2011 година ги изнесе податоците за своето тековно работење и поднесе иницијатива за спроведување на Законот за спречување на корупцијата. Во своето соопштение, ДКСК наведува дека покренала вкупно четири (4) иницијативи за поведување постапка за кривично гонење, меѓу кои и за Бошко Нелкоски, бидејќи ДКСК заклучила дека постои основано сомневање дека во периодот 2008–2009 година, сторил кривични дела злоупотреба на службената положба и овластување и несовесно работење во службата. Натаму, ДКСК наведува дека *„...при изборот на крајните корисници на програмите кои ги остварува Националната агенција е утврдено непочитување на Законот за спречување на судир на интереси, бидејќи во овие постапки, финансирани од ЕК и врз основа на договори за кофинансирање, дискреционо избирал корисници на средствата од програмите да бидат нему блиски правни и физички лица и лица блиски на претседателот и на членовите на УО на Националната агенција. Се работи за здруженија во кои претходно или истовремено членувале или биле овластени лица на правните лица - директорот, претседателот или членовите на УО и раководните лица од Националната агенција. Ова особено се однесува на правните лица: Младински форум Око од Струга, Здружение на граѓани Младински креативен центар од Велес и Центарот за рурарен развој од Струга, на кои им биле одобрувани грантови во висина од 5.000 до 8.500 евра...“*[57]. За жал, криминалот остана заштитен, а прашањето *„Кој го штити криминалот?“* остана неодговорено.

3.4. Европска суспензија 2010 и 2011

Во април 2010 година, ЕК ја суспендира европската помош наменета за Националната агенција. Во Извештајот за напредокот на Република Македонија во 2010 година се нотира дека: „УО *на Националната агенција беше распуштен и директорот поднесе оставка по наодите за судир на интереси. Ревизијата од страна на Министерството за образование и надворешната ревизија утврдија неправилности во управувањето со фондовите. Беа назначени нов УО и нов директор. МОН сè уште нема воспоставено ефикасен контролен систем кој обезбедува правилно функционирање на Националната агенција и гарантира управување со фондовите на ЕУ,*

[55] *http://www.dzr.gov.mk/Uploads/KOMPLET_2010_Nac_agencija_evro_obrazovni_programi.pdf*

[56] *http://www.dksk.org.mk/index.php?option=com_content&task=view&id=223&Itemid=1*

[57] Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2011 година, стр. 13.
Достапен на: *http://www.dksk.org.mk/images/stories/pdf/godisni%20izvestai/god_izvestaj_2011.pdf*

во согласност со сите применливи правила и високите стандарди на етиката и интегритетот. Затоа, ЕК ги суспендира подготвителните мерки за програмите Доживотно учење и Млади во акција"[58].

На слика 6 е графички прикажан начинот на којшто се поврзани невладините организации со вработените во Националната агенција и со приватниот сектор. Паѓа в очи тоа што бројот на вработени од Струга е доста голем (Бошко Нелкоски, Јован Попоски, Лулеса Илјази, Татјана Ристеска, Никола Јаулески и Мерсиха Исмајлоска). Мерсиха Исмајлоска е сестра на Нола Исмајлоска, инаку контакт-лицето на *Советот на младински НВО* и на некои други НВО кои зеле пари од централизираните проекти од Брисел. Нола е и овластен претставник на Здружението *Пан-европски центар*, Маврово, но и контакт-лице на *Деница* од Скопје. Таа, за време на локалните избори 2009 година била активно вклучена во кампањата на Славко Котески, кандидат за градоначалник на Струга од редовите на ВМРО-ДПМНЕ и вујко на Бошко Нелкоски.

Се гледаат и личните релации на Бошко Нелкоски со вработените, како кумската врска со Лидија Алексоска, архиварка на Националната агенција. Нејзиниот сопруг, Илчо Алексоски, железничар во Македонски железници, е овластен потписник на *Деница*, позната и по контрапротестите на плоштадот во Скопје. Инаку, и оваа НВО активно користи средства од програмата *Млади во акција* (централизирано од Брисел, вкупно 66.214 евра).

И бизнис врските на некои од вработените во Националната агенција се очигледни. Пратеникот Јани Макрадули во својата колумна „Денот на дабарите" укажа на тоа дека некои фирми дури склучуваат договори за јавни набавки[59].

Суспензијата остана и следната година. Извештајот за напредокот на Република Македонија во 2011 година го документира и тој факт: *„...Собранието ги донесе измените на Законот за основање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, со што се зголемува нејзината одговорност. Сепак, направениот напредок не го достигна нивото барано од страна на правилата на ЕУ и остана неадекватен. Затоа, подготвителните мерки и натаму се одложуваат"*[60]. Засега има 3 приватни фирми кои се, директно или индиректно, поврзани со Националната агенција, и тоа:

1. *Дарма дивали ДООЕЛ*, Скопје – сопственик е Дејан Наумовски, инаку претседател на *Советот на младински НВО* и сопруг на Виолета Наумовска, претседателката на поранешниот Управен одбор на Националната агенција. Станува збор за консултантска фирма основана во јануари 2008 година, а ликвидирана во јули 2009 година.
2. *Либриаго ДООЕЛ*, Скопје – сопственик е Велика Дичоска, инаку мајка на Македонка Дичоска, поранешен член на УО на Националната агенција. Седиштето на фирмата е исто со седиштето на невладината *Волонтерски центар Скопје*.
3. *Агрономија органика ДОО* – сопственици се Дејан Златкоски од Делчево и Гоце Величковски од Скопје, обајцата вработени во Националната агенција. Гоце Величковски е и управител. Седиштето на оваа земјоделска фирма е во с. Драслајца, Струшко, од каде што е и таткото на Бошко Нелкоски, Трајче Нелкоски, кој е исто така трикратен корисник на земјоделски субвенции, овластен потписник на *Фондот за интеррегионална соработка* и на *Центарот за рурарен развој на ЈИЕ* од с. Јабланица.

[58] *http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2010/package/mk_rapport_2010_en.pdf*

[59] *http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2010/package/mk_rapport_2010_en.pdf*

[60] *http://sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&articleId=2029*



Слика 6 – Графички приказ на врските меѓу вработените во НА, невладините организации и приватните фирми

4. УСПЕШНИТЕ ОД БРИСЕЛ

Најсоодветен пример за ставовите на вработените во Националната агенција за тоа што е успех, а што судир на интереси претставува изјавата на Димитар Спасески, одговорен за односи со јавноста во Националната агенција, дадена на 14.1.2010 година за *Нова Македонија*: *„...точно е дека претседател и членови на УО не може да бидат корисници на средства од програмите, но треба да напоменете дека не може да користат средства што ги доделува Националната агенција. За средствата што се доделуваат од Брисел, како и сите граѓани од Република Македонија, неречено право да аплицираат имаат и претседателот и членовите на УО во Националната агенција“*[61].

Во суштина, тоа е сопствено произволно толкување на членот 14, став 3 од основачкиот закон на Националната агенција во кој е наведено дека: „Претседателот или член на УО можат да бидат разрешени и пред истекот на мандатот ако се јават како корисници на програмите“.

Членот се однесува на програмите. Во Законот не се прави разлика меѓу програмите во Брисел и програмите на Националната агенција. Програмите се едни исти и на централизирано и на децентрализирано ниво. Во секој документ на ЕУ кој се однесува на програмите Доживотно учење и Млади во акција конкретно се наведува: „Извршната агенција за образование, аудиовизуелна политика и култура, лоцирана во Брисел, е одговорна за спроведувањето на централизираните акции на програмата. Националните агенции, лоцирани во државите-учеснички на програмата, се одговорни за децентрализираните акции на програмата“[62].

Иако за овие проекти одлучува Извршната агенција, сепак во програмските документи е јасно наведено дека критериумите за селекција, како и критериумите за доделување грантови, се применуваат подеднакво и од Извршната агенција и од Националната агенција. Истите се ажурираат од страна на ЕК на годишно ниво, се усогласуваат со годишните приоритети и се споделуваат еднаш годишно, и тоа пред секој програмски годишен повик со Извршната агенција и со националните агенции.

Вработените во Националната агенција и членовите на нејзиниот УО се првите кои ги добиваат информациите за приоритетите, целите, промените и новите информации во критериумите за селекција, критериумите за доделување на грантовите и индикаторите. Нивна задача е да ги пренесат тие информации до крајните корисници, а не да ги искористат и самите да аплицираат за проекти на централно ниво, конкурирајќи им на оние за коишто тие всушност и постојат и од кои ја добиваат својата плата.

Ваквото однесување е и директно спротивставено со критериумите за изземање[63], тврди дека средствата од програмата *Млади во акција* не се распределуваат врз основа на непотизам, а доказ за тоа било што истите невладини организации кои добивале средства од Националната агенција, веќе добивале средства и од Брисел наведени во програмите, а особено во делот на одредбите кои се однесуваат на конфликтот на интереси и на претставувањето на информациите на договорните страни. Но, тие аплицираа директно во Брисел, за да им покажат на сите дека се успешни во програмите. Логиката е едноставна - Ако се успешни во Брисел, кој би можел да им спори нешто кај нас?

Така, Димитар Спасески, во улога на лице за односи со јавноста, се обиде да им даде тежина на членовите на УО и во истиот текст на весникот Нова Македонија изјавува:

„Виолета Наумовска и Игор Домазетовски се членови на УО на Националната агенција по предлог на две многу репрезентативни

[61] *http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=114101057393&id=13&setIzdanie=21884*

[62] *http://eacea.ec.europa.eu/llp/ и http://eacea.ec.europa.eu/youth/*

[63] Articles 93 and 94 of the Financial Regulation applicable to the general budget of the European Communities (Council Regulation (EC, Euratom) No 1605/2002).

и исклучитално активни невладини организации, кои дејствуваат подолго време и се корисници на средства како од домашни институции, така и од ЕК во последните години".

Раководителката на програмата Млади во акција, Снежана Манчева, во изјава дадена за *24 Вести*[64], тврди дека средствата од програмата Млади во акција не се распределуваат врз основа на непотизам, а доказ за тоа било што истите невладини организации кои добивале средства од Националната агенција, веќе добивале средства и од Брисел.

Користењето на средствата од ЕК е секако битен елемент во стекнување кредибилитет. Затоа, сите невладини организации кои се блиски до структурите внатре во Националната агенција, мора прво да аплицираат во Брисел, па откако ќе добијат проект таму си создаваат алиби дека се успешни и со тоа аргументираат дека нема проблем грантови да добиваат и тука, од Националната агенција.

Го послушавме советот на Снежана Манчева во изјавата дадена за *24 Вести* и ги отворивме официјалните документи на програмата *Млади во акција*[65]. Таму откривме многу повеќе примери за „успешни проекти".

4.1. Студии на случаи

Се чини дека Извршната агенција од Брисел направила многу превиди кога одлучувала за проектите што ги добивала од Македонија. Нашата анализа покажува дека едни исти луѓе аплицираат за различни проекти. Кај „успешните" проекти гледаме исти основачи, а различни проекти доставуваат една иста адреса. Лицата одговорни за проектите се поврзани со вработените во Националната агенција. Анализата покажа дека Верица Коцевска се јавува како контакт-лице за проект на *Советот на младински* НВО. Станува збор за сопругата на Бошко Нелковски која – случајно или не – решава да го користи моминското презиме, иако кога се омажила го зела презимето на сопругот.

Натамошната анализа покажува дека има и обид за прикривање на вистинските адреси. Има и случаи каде што цела група невладини организации користат една иста адреса. Се појавуваат и странски имиња кои сега фигурираат како важни лица во проектите што аплицираат. Претходно, нивните имиња ги среќаваме како волонтери кои поминале извесно време во Македонија.

Има и организирани активности околу (пре)регистрацијата на невладините организации. Во Централниот регистар на Република Македонија гледаме дека се прават најразлични промени – од промена на овластените потписници, до промена на имињата на организациите и/или нивните седишта. И овде, уште еднаш, ќе го споменеме случајот со *Центарот за рурарен развој* и ќе го поставиме прашањето – Зошто некој би можел да сака да регистрира организација која во својот наслов ќе го содржи зборот „рурарен" наместо „рурален"?

Се отвораат многу прашања кои бараат одговори. Сепак, едно е познато и забележливо – сите овие случаи се поврзани со Националната агенција, со вработените во неа и со поранешниот директор на Националната агенција, Бошко Нелковски.

Да одиме по ред!

[64] *http://www.24vesti.com.mk/nacionalna-agencija-tvrdi-nema-zloupotrebi-na-evropskite-pari-za-mladi*

[65] *http://eacea.ec.europa.eu/youth/results_compendia/results_en.php*

4.1.1. Најстариот младинец во светот

Здружението на граѓаните Фонд за интеррегионална соработка од Струга е друга невладина организација, чиј овластен потписник е Трајче Нелкоски, татко на Бошко Нелковски, која во вториот рок од 2008 година се јавува како корисник на проект вреден 23.384 евра, во централизираните мерки од Брисел. што е и јавно објавено[66] од страна на ЕУ:

REFERENCE: 146272-3.1-MK-2008-R2
TITLE: Youth exchange: happy together!
COORDINATOR: Fund for inter-regional Cooperation
MARSAL TITO STR 86
STRUGA 6330, MK
Phone: +38970305882
Email: george_22vuk@yahoo.com
CONTACT: Mr Gjoko VUKANOVSKI
MAXIMAL GRANT: € 23.384,00

Споредбата на овие податоци со оние од изводот од Централниот регистар покажува дека лицето Трајче Нелкоски, кое е сериозно навлезено во шестата деценија од животот, веројатно е најстариот младинец во светот кој аплицирал и добил проект со наслов *„Младинска размена – среќни заедно!“* Информациите од Централниот регистар[67] укажуваат дека наведената адреса е идентична со адресата на Младински форум Око од Струга (ул. „Маршал Тито“ бр. 86, Струга). Да потсетиме дека Трајче Нелкоски, таткото на Бошко Нелкоски, беше и основач на Центарот за рурарен развој на ЈИЕ, од с. Јабланица, Струшко[68]. Адресата на претпријатието *Агрономија органика ДОО* од с. Драслајца и адресата на Трајче Нелкоски се исти.

Иако не е директно поврзано со оваа тема, вреди да се спомене и тоа дека лицето Трајче Нелкоски е трикратен корисник на земјоделски субвенции – од мерката 1.1.2[69] (за подигање нови овошни насади, во износ од 450.000 денари), потоа од мерката 6.7.1[70] (за поддршка на семејни земјоделски стопанства во подрачја со отежнати услови на производство, во износ од 67.000 денари) и од мерката М.1.7[71] (за финансиска поддршка по површина за одржување на постоечки овошни насади, во износ од 103.500 денари). Згора на сè, името на Бошко Нелкоски повторно го среќаваме, но овојпат како менаџер на претпријатието од с. Драслајца, Струшко[72].

Здружението на граѓани *Фонд за интеррегионална соработка* од Струга е основано на 5 декември 2007 година, датум што соодветствува со периодот на именувањето на Бошко Нелкоски за директор на Националната агенција. Контакт-лице на организацијата е Ѓоко Вукановски[73], *инаку обучувач од Волонтерскиот центар Скопје.*

[66] *http://eacea.ec.europa.eu/youth/results_compendia/documents/description_of_projects_youth_in_action_2008_r2.pdf*

[67] Податоци од изводите на Здружението на граѓаните Фонд за интеррегионална соработка од Струга, и Младински форум Око од Струга, види Прилог 2.

[68] Основачките документи на Центарот за рурарен развој на ЈИЕ, с. Јабланица, Струга, се дадени во Прилог 3.

[69] http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/_vesti/Novi_ovosni_nasadi_Struga_M112_06112009.pdf 3.

[70] http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/_vesti1/Zem_stop_otezn_Struga_M671_12042010.pdf

[71] http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/_vesti/Ovosni%20nasadi%20postoecki_Struga_M17_20052011.pdf

[72] http://www.tradekey.com/company/Foods-Mk-2301520.html

[73] Повеќе информации во делот 4.2.1. – Секогаш услужливот Ѓоко.

4.1.2. Различни адреси

Советот на младински НВО од Скопје во времето кога на истиот му е доверено управувањето со Националната агенција, интензивно аплицира за проекти од програмата *Млади во акција*, и тоа директно во Брисел. Во периодот 2007–2009 година, *Советот на младински НВО* е корисник е на осум (8) проекти[74] , во вкупен износ од 158.582,50 евра од програмата Млади во акција. За секој од овие 8 проекти во Брисел е пријавена адреса различна од службената (ул. „Сава Ковачевиќ“ 47/4-6, Скопје)[75].

Најспецифичен е проектот со контакт-лице Верица Коцевска, сопругата на Бошко Нелкоски. Податоците од овој проект, кој тежи 24.444 евра, се објавени од страна на ЕК[76]:

REFERENCE: 153536-3.1-MK-2009-R1

TITLE: Re-Creating PR for NGO

COORDINATOR: COUNCIL OF YOUTH NGOS

Str. Hristo Smirnenski 45/47 app. 19

SKOPJE 1000, MK

Phone: +38975 525864

Email: vkocevska@yahoo.com

Internet site address: www.youthcouncil.org.mk

CONTACT: Ms Verica KOCEVSKA

GRANT AMOUNT: € 24.444,00

Мошне е впечатливо тоа што во документите во Брисел, Верица се пријавува со нејзиното моминско презиме Коцевска (во 2009 година), иако претходно во 2008 година стапила во брак и го променила презимето во Нелкоска, односно го зела презимето на сопругот.

4.1.3. Странски придонес?

Во времето кога му е доверено управувањето на Националната агенција, *Македонскиот младински прес* од Струга интензивно аплицира за проекти од програмата *Млади во акција,* директно во Брисел. Во периодот 2007–2009 година, оваа организација е корисник на 6 (шест) проекти[77] во вкупен износ од 130.288 евра од програмата Млади во акција, и тоа само во тој период.

Првиот проект на Македонскиот младински прес од Струга е пријавен на адреса ул. „Сава Ковачевиќ“ 47-4/6 во Скопје. Тоа е истата адреса на која се основани Советот на младински НВО во Скопје, како и Волонтерскиот центар Скопје[78]. Иако *Македонскиот младински прес* е од Струга, во повеќе проекти се пријавуваат адреси во Скопје. Втора адреса во Скопје на којашто се пријавува е Бул. „Козјак“ бр. 9а, во Кисела Вода.

Девојка од Латвија, Инес Приедит[79] која од јуни 2008 година до октомври 2010 година волонтирала во *Волонтерскиот центар Скопје*, се јавува како контакт-лице на проектот *„Креативно водство“* (Creative Leadership) на *Македонскиот младински прес* од Струга. Истото лице се јавува и како контакт во официјалните податоци на два други проекта на *Волонтерскиот центар Скопје - „Гласови“* (Voices) и *„Интеркултурно учење од родова перспектива“* (Intercultural Learning from Gender Perspective).

[74] Деталната листа од сите проекти во кои како корисник на средства од програмата Млади во акција се јавува Советот на младински НВО има во Прилог 1.

[75] Извод од Централен регистар, види Прилог 2.

[76] *http://eacea.ec.europa.eu/youth/results_compendia/documents/compendium_round_1_2009.pdf*

[77] Деталната листа од сите проекти во кои како корисник на средства од програмата Млади во акција се јавува Советот на младински НВО има во Прилог 1.

[78] Изводи од ЦРМ, види Прилог 2.

[79] *http://www.salto-youth.net/tools/toy/inese-priedite.2005/*

Инес Приедит се јавува и како контакт во еден проект на невладината организација Фонд за развој на млади[80] од Охрид, која е составна членка на *Советот на младински НВО*. *Фондот за развој на млади* е и национална контакт-точка за програмата *Млади во акција,* именуван од Националната агенција, и корисник на средства одобрени од истата. Станува збор за проектот *„Средба со природата“* (Meet the Nature).

Една друга млада волонтерка од Естонија, волонтирала во *Младински форум Око* од Струга и нејзиното име се јавува како контакт-лице во официјалните податоци на еден друг проект на *Македонскиот младински прес*. Станува збор за лицето Реле Ранамае (денес Реле Наумоска), во проектот *„Портрети на позитивни емоции“* (Portraits of Positive Emotion).

Листата на проекти од програмата *Млади во акција,* за чиј корисник во Брисел се јавува *Македонски младински прес* од Струга, во периодот кога ѝ е доверено управувањето со Националната Агенција е следнава:

	Референтен број	Наслов на проект	Координатор	Адреса	Контакт	Грант износ (во евра)
1	292-3.1-MK-2007-2	Training Course Informing – Youth	ММП	ул. „Сава Ковачевиќ“ 47-4/6МК-Скопје	/	24.779
2	138006-3.1-MK-2007-R3	Live Filming – Youth Documentaries	ММП	„Козјак“ 9а МК- Скопје	/	16.896
3	146160-3.1-MK-2008-R2	FAMOUS-Film, Art, Music, Objectives Utility and Skills	ММП	„Плитишта“ 4/4 Струга	Игор Домазетовски	21.039
4	148202-3.1-MK-2008-R3	Portraits of Positive Emotion	ММП	„Козјак“ 9а – Скопје	Реле Ранамае	19.490
5	148328-3.1-MK-2008-R3	Creative Leadership	ММП	„Козјак“ 9а - Скопје	Инес Приедит	24.823
6	168131-3.1-MK-2009-R3	Your Life is Your Hands	ММП	„Плитишта“ 4/4 Струга	Игор Домазетовски	23.261
Македонски младински прес – Струга (2007 – 2009)					**ВКУПНО**	**130.288**

Табела 2 – Проектите и износите што ги добил Македонски младински прес од Брисел

[80] Листите на проекти со детални податоци се дадени во Прилог 1

4.1.4. Пари за контрапротести?

Лидија Алексоска е вработена како архиварка во Националната агенција. Таа е во кумска врска со Бошко Нелкоски. Нејзиниот сопруг, Илчо Алексоски, по професија е железничар и е вработен во Македонски железници. Изводот од Централниот регистар[81] потврдува дека овој сообраќајно-транспортен техничар со средно образование е овластен потписник на невладината организација Деница од Скопје.

Организацијата *Деница*, пак, од програмата Млади во акција од Брисел добивала проекти со наслов: „Фокус на конфликт", *„Активирање на неактивните младински волонтери"* и други. Интересно е тоа што *Деница* добила грант од Брисел со фокус на конфликти, особено ако се знае дека организацијата беше директно поврзана со контрапротестите што се случија на плоштадот во Скопје. Впрочем, организацијата беше и активен борец за изградба на црква на плоштадот[82].

По блокирањето на работата на Националната агенција, од јуни 2010 година, (не)владината организација *Деница* интензивно се активира во 2010 и во 2011 година и истата започнува да користи средства од програмата *Млади во акција* од Брисел, со вкупен износ од 66.214 евра[83] Еден од тие проекти е следниов:

REFERENCE: 521657-3.1-MK-2011-R3

TITLE: Activating the Inactive Young Volunteer

COORDINATOR: Citizen Forum Denica

CONTACT: Ilco Aleksoski

GRANT AMOUNT: € 15.835,001[84]

Иако Илчо Алексоски е овластено лице на *Деница* и фигурира во официјалните документи од Брисел, лицето Ѓоко Вукановски[85] , нам познат како обучувач на Волонтерскиот центар Скопје, објавува „итен повик" за истиот овој проект. За локација на проектот е наведена Струга, а даден е следниов контакт: Ѓоко Вукановски, Волонтерски центар Скопје, ул. „Сава Ковачевиќ" 47-4/6, Скопје, Република Македонија.

4.1.5. Сложни организации

Волонтерскиот центар Скопје е организација основана во март 2006 година на адреса ул. „Сава Ковачевиќ" 47/4-6, Скопје. Тоа е домашна адреса на директорот Никола Станкоски и на неговата сестра, актуелен раководител на сектор во Националната агенција. Интересно е и тоа што *Волонтерскиот центар Скопје* има иста службена адреса со *Советот на младински НВО*. На истата таа адреса во Брисел е пријавен и проект на *Македонски младински прес* од Струга[86].

Значи ли тоа дека семејството Станкоски го делат својот дом со уште куп други невладини организации? И, конечно, оваа организација е една од ретките невладини организации кои ја имаат привилегијата да имаат канцеларии во бараките на општина Кисела Вода.

Волонтерски центар Скопје има одредени врски со *Младински форум Око* од Струга. Ако досега македонските невладини организации се критикувале поради тоа што не соработувале меѓу себе, овие две организации се пример за очигледно „одличната" соработка. Имено, сè до 2010 година, двете организации делат иста веб-стра-

[81] Даден во Прилог 2.

[82] *http://www.time.mk/cluster/e3bb598d95/index.html*

[83] Повеќе детали за проектите има во Прилог 1.

[84] *http://eacea.ec.europa.eu/youth/funding/2011/selection/documents/round3/compendium_2011_round_3_final.pdf, во документот на стр. 44.*

[85] *http://plamen00.wordpress.com/2011/08/10/new-opportunities-3*

[86] Македонски младински прес од Струга на адресата ул. „Сава Ковачевиќ" 47/4-6 во Скопје го пријавува проектот „Training Course Informing – Youth".

ница - онаа на *Младинскиот форум Око*. И ден денес делат одредени линкови, на пример:

http://www.youthforumeye.org.mk/vcs.org/images/stories/voices/VOICES%20April%20%20web.pdf. Овој линк го отвора списанието на *Волонтерскиот центар Скопје* од 2009 година. На страница 3 е даден тимот на уредници, од каде што веќе препознаваме многу познати имиња (види подолу).

EDITORIAL TEAM

Reporters & Translation:
Arnhildur Hálfdánardóttir
Arijeta Purellku
Bahar Lama
Benjamin Rexhep
Bledi Cami
Cole Schinkel
Elena Davidovska
Emira Lama
Gjoko Vukanovski
Guillermo Garcia Torrijos
Idriz Islami
Ilona Olehlova
Indre Zdanciute
Ivana Janeva
Ivana Krsteva
Jehona Salihi
Laura Ballesteros Alonso
Lulesa Iljazi
Makedonka Dicoska
Rudina Fazliu
Selena Jankulovska
Shemsedin Iljazi
Shkurte Sadiku
Skender Agaj
Sonia Garrido Faria
Vera Markovska
Vladimir Veljanovski
Zoran Radicevski

Design:
Arnhildur Hálfdánardóttir
Guillermo Garcia Torrijos
Ilona Olehlova
Indre Zdanciute
Laura Ballesteros Alonso
Margot Reis
Sonia Garrido Faria

Production & Coordination:
Nikola Stankoski
Gjoko Vukanovski

Contact :
Volunteers Centre Skopje
Sava Kovacevik 47-4/6
1000 Skopje
Tel./Fax. +389 22 772 095
voices@vcs.org.mk
www.vcs.org.mk

Неколку имиња од наведениот тим на уредници од *Волонтерскиот центар Скопје* од 2009 година заслужуваат внимание. Тоа се следниве:

- Ѓоко Вукановски – контакт-лицето на проектот „*Младинска размена – среќни заедно*!“, односно на невладината организација чиј овластен потписник е Трајче Нелкоски, таткото на Бошко Нелковски, директорот на Националната агенција;
- Македонка Дичоска - во тоа време член на Управниот одбор на Националната агенција, како претставник на *Советот на младински НВО*;
- Лулеса Илјази - тогашен и актуелен раководител на сектор во Националната агенција, и
- Шемседин Илјази - брат на горенаведената Лулеса Илјази. Во моментов Шемседин е директор на *Центарот за рурарен развој* на *ЈИЕ*, од с. Јабланица, Струга[87], организацијата чиј основач е и Трајче Нелкоски, таткото на Бошко Нелкоски.

Волонтерскиот центар Скопје во периодот од 2007 до 2011 година се јавува како корисник на 19 грантови од програмата *Млади во акција од Брисел*, со вкупна сума од 385.628,00 евра. Подетални информации за проектите дадени се во Прилог 1.

4.2. Истите лица насекаде

Кога внимателно ќе се разгледаат (и анализираат) централизираните проекти од програмата *Млади во акција*, односно оние проекти кои добиле зелено светло од Брисел, нејасно е како Брисел не забележал ништо сомнително во фактот дека едни исти лица се појавуваат како носители на проекти од Република Македонија. Истото важи и за македонските власти, но она што изненадува кај Брисел е фактот што таму веќе имаат развиено повеќе инструменти за проверка на дадените грантови. На пример, несфатливо е како централизираниот систем за проверка не укажа дека има нешто сомнително кај македонските грантови.

Ова е особено чудно ако се знае дека европските пари дадени на Националната агенција преку ИПА еднаш веќе беа суспендирани. Примери за појавата на едни исти личности во повеќе различни невладини организации има многу и насекаде низ Европа. Но, кога тие исти личности и организации се тесно поврзани со Националната агенција која до неодамна била под суспензија, тогаш тоа би требало да биде доволно за да се запали алармот.

[87] Основачките документи на Центарот за рурарен развој на ЈИЕ, с. Јабланица, Струга, се дадени во Прилог 3

4.2.1. Секогаш услужливот Ѓоко

Како обучувач на *Волонтерскиот центар Скопје* се јавува Ѓоко Вукановски, кој е вклучен во различни активности на повеќе невладини организации. Извадокот од еден интернет текст на оваа невладина организација[88] објаснува кој работи во канцеларијата на организацијата (видете ја сликата десно).

И ништо не би било сомнително доколку не бевме свесни дека Ѓоко Вукановски, покрај ангажманот во *Волонтерскиот центар Скопје*, се појавува во проекти на уште многу други – подеднакво сомнителни организации, и тоа во:

who is working in vcs office?

NIKOLA STAMKOSKI
The director, who is sitting in the base main. Now can you know where he have come!? Then letting inside. The Macedonian Flag. And maybe also flag of Albania because behind wall is hanging VCS. Nikola was himself an EVS volunteer in Kosovo.
Phone: +389 70 262 487
E-mail: nikola@vcs.org.mk

SINISA LUKIC/SVSO
You can speak with him, you can laugh with him and he will always support you. Sinisa is organizing awesome volunteers in SOS Village and Daily Centre for Street Children, and he can teach you to use animation tool, a special technique for producing creative and funny cartoons.
Phone: +389 71 820 568
E-mail: sinisa.lukic@sos-kinderdorf.com.mk

GJOKO VUKANOVSKI
Is helping a lot of young Macedonians to find EVS placements all around Europe. Gjoko has been a leader of several international youth exchanges and trainings, as well.
Phone: +389 70 325 083
E-mail: gjoko_2000@yahoo.com

- невладината организација *Фонд за интеркултурална соработка,* од Струга[89], чијшто овластен потписник е таткото на Бошко Нелкоски;
- невладината организација *Деница*[90] од Скопје, чијшто овластен потписник е кумашинот на Бошко Нелкоски; и
- невладината организација *Младински културен центар* од Велес, чиишто основачи се членовите на потесното семејството на сопругата на Бошко Нелкоски, Верица Нелкоска, алијас Верица Коцевска.

И да не заборавиме дека во ноември 2009 година, Ѓоко Вукановски во Струга го спроведува проектот *„Shakesperience“* финансиран од Националната агенција од првите доделени пилот-проекти на програмата *Млади во акција*.

4.2.2. Суперактивната Нола

Нола Исмајлоска е лице ангажирано на повеќе нивоа во однос на програмата *Млади во акција*. На нејзиниот профил на *SALTO-Youth*[91] таа објавила документ под наслов „Релевантни искуства“[92]. Во документот, таа ги наведува проектите по име, но испуштила – намерно или не – да ги наведе нивните корисници. Инаку, Нола е активна во осум (8) невладини организации. По идентификување на имињата на проектите во службената документација објавена од страна на ЕУ, во продолжение на истите ги допишавме и корисниците, со што значително се подобри сликата за Нола:

- Safety Net – проект на *Јасна иднина, Долнени;,*
- Street pARTy - проект на *Центар за рурарен развој на ЈИЕ*, с. Јабланица, Струга;
- Catch the Moment - проект на *[Македонски] Младински прес*, Струга;
- Yes We Can - проект на *Кариерен центар Битола;*
- Making it Happen - проект на *Фонд за развој на млади*, Охрид;
- Marketing Management of NGOs - проект на *Центар за рурарен развој – ЈИЕ*, с. Јабланица, Струга;
- Get Inspired to Get Involved - проект на *[Македонски] Младински Прес*, Струга;
- Re-Creating PR for NGO - проект на *Совет на младински НВО,* Скопје;
- Colour My World - проект на *Совет на младинските НВО*, Скопје, и
- Get Involved - проект на *Совет на младински НВО,* Скопје.

[88] *http://www.euya.ee/tempora/volunteers_guide.pdf*

[89] Youth Exchange: Happy Together! (146272-3.1-MK-2008-R2)

[90] *http://plamen00.wordpress.com/2011/08/10/new-opportunities-3/*

[91] *http://www.salto-youth.net/tools/toy/nola-ismajloska.1601/*

[92] *http://www.salto-youth.net/downloads/toy_trainer_download-file-1595/Relevant%20Experiences.doc*



Слика 7 – Славко Котески, кандидатот за градоначалник на ВМРО-ДПМНЕ за Струга на локалните избори во 2009 година и Нола Исмајлоска.

Лицето Нола Исмајлоска[93] се јавува и како овластен претставник на здружението Пан-европски центар од с. Ростуше, Маврово, заклучно со 25 јули 2012 година, но и како контакт- лице на (не)владината организација Деница од Скопје, на документ објавен на веб-страницата на Националната агенција[94].

За време на локалните избори 2009 година, Нола Исмајлоска била активно вклучена во кампањата на Славко Котески[95] кандидат за градоначалник на ВМРО-ДПМНЕ за општина Струга. Инаку, Славко Котески е вујко на фамозниот Бошко Нелкоски.

4.2.3. Суперфункционалната Неда

Неда Ахчиева е, исто така, активна во неколку невладини организации, сите добитници на грантови од европските фондови. Паралелно со сите нејзини невладини активности, таа од 2008 година е вработена како раководител на сектор во Националната агенција сè до октомври 2011 година, кога ја напушта работата во Националната агенција.

Според информациите што самата ги објавила на интернет[96] очигледно е дека таа била активна директно во организациите-кориснички, пред и во текот на нејзиното работење во Националната агенција[97]. На пример, таа наведува дека во текот на 2008 година била вклучена во проектите на *Волонтерскиот центар Скопје*, но и во проектите на *Советот на младински НВО*. Нејзиното име се јавува и во други проекти од програмата *Млади во акција*.

Неда Ахчиева во 2010 година е активно вклучена како обучувач во Турција, во проект од програмата *Млади во акција,* иако истовремено била вработена во Националната агенција [98]. Во својата биографија, Неда Ахчиева наведува и дека била:

- проект-менаџер на *Волонтерскиот центар Скопје* (инаку, составна членка на *Советот на младински НВО*);
- член на Извршниот одбор на *Македонскиот модел на ОН* (исто така, составна членка на *Советот на младинските НВО*),
- член на Надзорниот одбор на *Еразмус студентска мрежа Македонија* (НВО која во 2009 година добила грант од 9.586 евра од Националната агенција, каде што Ахчиева е вработена), и
- експерт за оценување на проектни апликации од програмата *Млади во акција* на национално ниво.

Сепак, во толку импресивната биографијаНеда Ахчиева пропуштила да ја наведе својата вклученост во *Младински форум Око* од Струга[99] и во Фондот за развој на млади од Охрид[100], во проектот од програмата *Млади во акција* со наслов *Пирамида*[101] во 2008 година.

[93] Извод од Централниот регистар, види Прилог 2

[94] *www.na.org.mk/tl_files/docs/yia/Database_new_english.xls,* под реден број 10

[95] Прилог на Билјана Колоска од 20.3.2009: „ВМРО ДПМНЕ водеше кампања на многу високо и културно ниво“.

[96] *http://www.salto-youth.net/tools/toy/neda-ahcieva.2197/*

[97] *http://www.salto-youth.net/downloads/toy_trainer_download-file-1573/CV%20Neda%20Ahcieva.pdf*

[98] *http://www.salto-youth.net/tools/toy/reference/tc-on-evs-quality-matters-good-better-the-best-evs.2304/*

[99] Подетално во делот„Вработувања во Националната агенција“.

[100] Исто така, составна членка на Советот на младински НВО

[101] Референтен број 141879-3.1TN-MK-2008 - 153-2008-R1

4.3. Нови невладини организации

По суспензијата во 2010 година, се основаат нови (не)владини организации. Притоа се користи следниов рецепт: прво се добива проект од Брисел, па истите стануваат „успешни“ и за во Скопје, со што се отстранува секаква трага на сомнеж. Процесот се одвива на два начина: се регистрираат сосема нови организации или дел од постоечките организации го менуваат името и овластените потписници. На тој начин, Македонија ја зафати „нов бран“ на „успешни“ организации, и тоа во период кога бројот на граѓанските организации драматично се намалува – од 11.350[102] (2009) на 3.506 (јануари 2012)[103].

Простор за загриженост има уште повеќе ако се знае каква е состојбата со годишните буџети на постоечките невладини организации.

Годишен буџет (во денари)	Број на НВО
0 – 100.000 приближно 1.600 евра	9.636
100.001 – 500.000, приближно 8.200 евра	672
500.001 – 1.000.000, приближно 16.300 евра	325
1.000.001 – 5.000.000, приближно 82.000 евра	488
5.000.001 – 10.000.000, приближно 164.000 евра	106
10.000.001 – 50.000.000, приближно 820.000 евра	107
50.000.001 – 100.000.000, приближно 1,6 милиони евра	11
Над 100.000.000	7
Вкупно здруженија и фондации	**11.350**

Табела 3 – Годишен буџет на НВО согласно прикажаните годишни приходи во завршните сметки

[102] Податокот е преземен од Стратегијата на Владата за соработка со граѓанскиот сектор 2012–2017, стр. 12. Достапна на: *http://www.nvosorabotka.gov.mk/index.php?option=com_docman&task=cat_view&gid=22&Itemid=37*

[103] http://cfcd.finance.gov.mk/english/Tender?uuid=9830e3c3-08ba-45ec-8495-8c52b1093802 Податокот се наоѓа во повикот за проекти за граѓански организации.

Прегледот во табелата 2 е направен пред обврската за пререгистрација на граѓанските здруженија и фондации, во согласност со новиот закон од 2009 година. Од неа можеме да заклучиме дека иако претходно имало 11.350 невладини организации, некакво влијание врз општествениот живот на државата можело да се очекува само од ограничен број организации, т.е. од максимум 719, ако ги вклучиме и оние кои имаат годишен буџет од 82.000 евра. Сепак, вистинско влијание може да се очекува од само 220 организации, што е само 6,3% од вкупниот број граѓански организации. Ако дел од овие организации се стекнале со финансиски средства на начин кој е спорен, тогаш реално целиот граѓански сектор ја губи смислата на постоењето.

Оваа група таканаречени „успешни“ невладини организации ја засилуваат својата владино-невладина активност за аплицирање со проекти од истата програмата во Брисел, и тоа во време кога во Скопје имаше суспензија на активностите финансирани од ИПА. За да биде ироничјата уште поголема, голем број од овие проекти се доделени на „рециклирани“ организации.

4.3.1. Јасна иднина, Долнени

Лицето Валентин Црвенкоски е вработено во локалниот рудник за мермер во Прилеп (*Ларин мрамор компани*). Но, тој е и овластено лице на здружението на граѓани *Јасна иднина* од с. Долнени. Ова здружение доби грант од 18.418,00 евра од програмата *Млади во акција* од Брисел за проектот од 2011 година насловен како *„Safety Net“*. Објавени се следниве информации[104].

REFERENCE: 521077-3.1-MK-2011-R2

TITLE: Safety Net

COORDINATOR: Zdruzenie na gragjani “Jasna Idnina”

[104] *http://eacea.ec.europa.eu/youth/funding/2011/selection/documents/round2/compendium_2011_round_2_final.pdf*

CONTACT: Valentin Crvenkoski

GRANT AMOUNT: € 18.418,00

На интернет може да се најдат и фотографии што сведочат за неговата блискост и поврзаност со поранешниот директор Бошко Нелкоски[105].

Бошко Нелкоски, пак, на интернет објавува повик за истиот проект *„Safety Net“*, барајќи тројца (3) учесници од Обединетото Кралство, тројца (3) учесници од Шпанија и четворица (4) учесници од Република Чешка за обука на курсот *„Safety Net“* во Струга, Македонија, во периодот од 2 април до 10 април 2012 година. Нелкоски во објавата ги упатува заинтересираните учесници да ги испратат своите документи на адресата на Нола (nola@macedonia.eu.org)[106]:

4.3.2. Кариерен центар, Битола

Нада Христовска е наставничка во средното земјоделско училиште во Битола и припаѓа на возрасната група граѓани кои ја живеат својата петта деценија. Таа е овластен потписник на невладината организација *Кариерен центар* од Битола, која во 2011 година се јавува како корисник на грант во вредност од 24.990,00 евра од програмата *Млади во акција* од Брисел, од централизираните акции. Станува збор за следниов проект:

REFERENCE: 521011-3.1-MK-2011-R

TITLE: Yes We Can!

COORDINATOR: Career Centre Bitola

CONTACT: Nada Hristovska

GRANT AMOUNT: € 24.990,00

Иако оваа (не)владина организација е од Битола, во описот за локацијата е пријавен Охрид. На крајот, се појавуваат информации за овој проект кои се однесуваат на одредени активности во Струга, во кои за тренери се наведуваат веќе познатите лица, Бошко Нелкоски[107] и Нола Исмајлоска[108]. На фотографиите објавени од учесниците во проектот[109], Нада Христовска не може никаде да се види, но затоа, пак, Бошко Нелкоски е сеприсутен.

Во 2009 година, Нада Христовска била именувана за еден од десетте национални промотори на програмата *Доживотно учење* од страна на Националната агенција, кога директор бил Бошко Нелкоски[110]. Сега национален координатор на програмата Доживотно учење е Јован Поповски, кој е во одредена семејна релација со Нада Христовска.

Нада Христовска во 2009 година активно се вклучува во програмата Доживотно учење, конкретно во потпрограмата Леонардо да Винчи и промовира проекти на тема земјоделство и ветеринарство[111]. Во април 2009 година, таа била на студиска посета на земјоделското училиште во Ратвик, Шведска, а потоа во септември 2009 година го посетила и земјоделското училиште во Ново Место, Словенија.

Преку проект на потпрограмата *Леонардо да Винчи,* таа исто така ја посетува и Данска, како лице избрано од страна на Националната агенција[112]. За жал, внатрешниот линк[113] на веб-страница на Националната агенција за овие „успешни приказни“ од *Леонардо да Винчи* е нефункционален.

[105] *http://www.facebook.com/#!/valentin.crvenkoski*

[106] *http://www.facebook.com/#!/nelkoski*

[107] *http://www.salto-youth.net/tools/toy/reference/tc-yes-we-can.2247/*

[108] *http://www.salto-youth.net/tools/toy/nola-ismajloska.1601/*

[109] *http://www.facebook.com/media/set/?set=a.315750751822528.77107.133754236688848&type=3*

[110] *http://www.na.org.mk/tl_files/docs/llp/LLPpromoteri.pdf, промотор број 5*

[111] *https://llp.teamwork.fr/partner_search/detail_archive-2010.php?id=116*

[112] *http://www.takidaskalo.edu.mk/TakiDaskalo/documents/Zbornik% 202010.pdf*

[113] *http://www.na.org.mk/uspeshni-prikazni.html*

4.3.3. Квантум, Скопје

Квантум е невладина организација од Скопје, корисник на средства од програмата *Млади во акција* од Брисел. Заклучно со 2011 година, *Квантум* добила грантови за следните два проекти:

Реф. број:	Наслов:	Координатор	Контакт:	Грант износ (во евра):
187729-3.1-MK-2010-R2	Distorted Realities	Квантум	Синиша Давчевски	12.667,00
515278-3.1-MK-2011-R1	Sustainable Project Management	Квантум	Синиша Давчевски	17.029,00
			ВКУПНО	29.696,00

Табела 4 – Проектите на Квантум

Иако проект на *Квантум*, проектот *„Искривени реалности“* (*Distorted Realities)* се објавува како проект на *Волонтерскиот центар Скопје*[114], и тоа како:

TITLE: Distorted Realities
DATES: 02.05.2011-10.05.2011
Inese Priedite
Volunteers Centre Skopje
Sava Kovacevik 47-4/6
Skopje 1000, Macedonia

И кај *Квантум* ситуацијата е идентична. Тоа е невладина организација од Скопје, но за локација на своите проекти ја избира Струга. Во Централниот регистар за овластен потписник на *Квантум* е наведено лицето Синиша Давчевски[115]. Извадокот од еден интернет текст[116] на *Волонтерскиот центар Скопје*, објаснува кој работи во канцеларијата на оваа невладина организација (видете ја фотографијата на стр. 43). Синиша Давчевски е дел од тимот на *Волонтерскиот центар Скопје,* заедно со веќе познатите ликови - Никола Станкоски и Ѓоко Вукановски.

[114] *http://youthexchanges.info/looking-for-partner/call-for-partners-tc-about-media-literacy-in-macedonia.html*

[115] Види Прилог 2.

[116] *http://www.euya.ee/tempora/volunteers_guide.pdf*

4.4. Рециклирани организации

Македонскиот младински прес од Струга, во ноември 2010 година врши промена на службеното име, кое се менува во *Младински прес*[117]. Од она што може да се забележи на интернет, може да се претпостави дека дошло до промена на името на организацијата поради притисоците на грчкиот партнер во проектите. Овластен потписник на организацијата и натаму останува Игор Домазетовски, разрешениот член на УО на Националната агенција.

Ребрендираниот Младински прес во 2011 година повторно се јавува како корисник на средства за проекти од програмата Млади во акција. Деталите за проектите се наведени во табелата подолу:

Друг случај на ребрендирање (или рециклирање) на невладина организација имаме и кај *Центарот за рурарен развој на ЈИЕ*, од село Јабланица, Струшко. Направени се две промени на овластениот претставник на организацијата, и тоа:

- првата промена[119] е направена во септември 2009 година, кога лицето Анѓелко Маркоски (еден од основачите на *Македонскиот младински прес*) се менува со лицето Сашо Србиноски, и
- втората промена[120] е направена во септември 2010 година, кога лицето Сашо Србиноски се менува со Шемседин Илјази, брат на раководителката на сектор во Националната агенција – Лулеса Илјази.

Реф. број	Наслов	Координатор	Контакт	Грант износ (во евра)
516019-3.1-MK-2011-R1	Get Inspired to Get Involved	Младински прес	Игор Домазетовски	15.317,00
520694-3.1-MK-2011-R2	Catch the Moment	Младински прес	Игор Домазетовски	21.093,00
			ВКУПНО	**36.410,00**

Табела 5 – Проекти на Младински прес финансирани директно од Брисел

Во првиот проект *„Инспирирај се за да се вклучиш!“* (Get Inspired to Get Involved) се појава веќе добро познатиот тандем – Нола Исмајлоска и Бошко Нелкоски, што може да се види од видеото[118] на проектот, објавено на интернет.

Центарот за рурарен развој на ЈИЕ се јавува како корисник на средства од програмата Млади во акција, одобрени во 2012 година од страна на Националната агенција. Овие факти укажуваат на постоење на судир на интереси меѓу овластениот потписник Шемседин и неговата сестра Лулеса, која е раководител на сектор во Националната агенција. Станува збор за проектот *„Промоција кон пошироко знаење за руралните средини“* (Promotion to Wider Knowledge Towards

[117] Централен регистар, Упис на промена, Македонски младински прес, Прилог 2.
[118] *http://www.youtube.com/watch?v=3HBFHFouAmw*
[119] Извод од Централен регистар, види Прилог 2.
[120] *Ibid*

Rural Areas) избран за финансирање со 23.922 евра од страна на Националната агенција во вториот рок од повикот на програмата Млади во акција за 2012 година. Да потсетиме, основач на *Центарот за рурарен развој на ЈИЕ* е лично таткото на Бошко Нелкоски, Трајче Нелкоски, како и извесен Васко Нелкоски, сите од село Драслајца, Струшко.

Конфликтот на интереси е очигледен како што е и прекршокот. Имено, сите апликанти мора да водат сметка за обврската дефинирана во членовите 93(1), 94 и 96(2)(а) од финансиската регулатива која се применува на општиот буџет на Европските заедници (Регулатива бр. 1605/2002[121]), каде што се бара апликантите да потврдат дека не се наоѓаат во ниедна од ситуациите опишани во самата Регулатива. Потоа, во членот 94 децидно се вели дека: *„Апликантите се изземаат од учество во повик за предлози, доколку се наоѓаат во некоја од следниве ситуации:... (е) подлежат на конфликт на интереси..* " Натаму, Регулативата предвидува дека *„На апликантите нема да им се додели финансиска помош доколку на датумот на постапката за доделување грант: (а) тие се виновни за погрешно претставување на информациите барани од страна на договорниот орган, како услов за учество во постапката за доделување грант, или пропуст да се дадат тие информации...*". Во согласност со членовите 93 до 96 од финансиската регулатива, административни и финансиски казни може да се изречат на апликанти кои се виновни за погрешно толкување или имаат сериозен пропуст во исполнувањето на договорните обврски во претходна постапка за доделување договор.

Натаму, финансиската регулатива во членот 95, обврската за правилно спроведување на регулативата ја префрла на националните институции. Имено, се бара да се формира база на податоци, каде што ќе се чуваат деталите за кандидатите кои се наоѓаат во некоја од ситуациите наведени во неа, вклучувајќи го и конфликтот на интереси, за да се обезбеди усогласеност со правилата на ЕУ. Исто така, се предвидува и другите институции да имаат пристап до базата на податоци. Според Регулативата (членот 96)- властите може да изречат казна на кандидатите кои ги прекршиле правилата. И повторно, на ред е Националната агенција!

Трет случај, сличен на првите два, е оној со таканареченото *Младински информативен билтен*. Во пролетта 2010 година, непосредно по оставката на директорот Бошко Нелкоски, на интернет почна да се објавува *Младинскиот информативен билтен* на невладини организации кои подготвуваат проекти за програмата *Млади во акција*. Се формира некој чуден „конзорциум", кој наводно ги претставува интересите на повеќе младински невладини организации, а чии активности се координирани од еден центар – *Младински форум Око,* од Струга.

До денес се појавија вкупно десетина објави[122] на *Младинскиот информативен билтен*, по една објава за секој рок на програмата *Млади во акција*. Невладините организации кои се вклучени во овој конзорциум во различните објави се повторно очекуваните имиња:

- *Младински форум Око*, Струга;
- *Младински креативен центар*, Велес;
- *Центар за рурарен развој на ЈИЕ*, с. Јабланица, Струга;
- *Фонд за развој на млади*, Охрид;
- *[Македонски] Младински прес*, Струга;
- *Јасна иднина*, с. Долнени;
- *Кариерен центар*, Битола;
- *Пан-европски форум*, Скопје;
- *Врутокс*, Гостивар;

[121] *http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2002:248:0001:0048:en:PDF*

[122] *https://www.facebook.com/note.php?note_id=165568780156761*

- *Пан-европски центар*, Гостивар;
- *3Г Хоризонт*, Кавадарци;
- *Центар за развој и превенција на младите*, Кичево;
- *Младински сенат*, Струмица, и
- *Центар за истражување и развој на образованието*, Скопје.

Во објавите се даваат некои чудни инструкции околу документот *Дел 3* (Part 3), кој во програмата *Млади во акција* е предуслов за склучување проектно партнерство:

- „Силно ве охрабруваме да ни испратите еден празен Дел 3 (со печат и потпис скенирани за да можеме да го додадеме името на проектот)…“
- „Можете да ја користите нашата електронска адреса contact@youthforumeye.org.mk за испраќање на Дел 3, а ние ќе го дистрибуираме до организациите, по потреба …“
- „Ве молиме, пратете ни го оригиналот што е можно поскоро на *Младински форум Око*, ул. „Пролетерски бригади“ 37 1/1-2, 6330 Струга.“

Особено е интересна објавата[123] на *Младинскиот информативен билтен* со број 7, којашто се однесува на крајниот рок – 1 мај 2012 година. Тоа е вториот рок за новите пилот-проекти по укинувањето на суспензијата на програмите *Доживотно учење* и *Млади во акција* на Националната агенција. Во оваа објава стои инструкцијата: *„Делот 3 кој ни треба е стариот Дел 3 (не оној краткиот што треба за проектите што се аплицираат во Брисел). Овие проекти се за во Националната агенција во Македонија!“*

[123] *https://www.facebook.com/groups/7225927023/permalink/10150664433352024/*

5. ВТОРА АФЕРА

Откако во 2010 година беа суспендирани средствата од програмите со кои управуваше Националната агенција, неизбежно беше да се направат одредени промени за Македонија повторно да стекне право да управува со средствата од програмите на децентрализирано ниво. Се најавуваше поголема контрола над работењето од страна на МОН, но не и од невладини органзации кои би можеле да прават мониторинг. Да потсетиме, МЦЕО и ФООМ први ја открија измамата во октомври 2009 година.

Прво се направија измените на Законот за основање на Националната агенција во делот на управувањето. Имено, членот 12, став 3 сега гласи: *„Управниот одбор го сочинуваат претседател и четири члена, и тоа по двајца од Министерството за образование и наука и од Министерството за финансии и еден член од Агенцијата за млади и спорт“*[124] Второ, вработените во Националната агенција станаа државни службеници. Трето, упорно се лобираше во Брисел за подигнување на суспензијата. И толку! Тука стивнаа работите.

Се создаде впечаток дека без никаква потреба се кренало толку прав околу „наводните“ злоупотреби во Националната агенција, создавајќи притоа привид дека и тие малку безначајни пропусти, кои ги направила Националната агенција, конечно се санирани и дека таа може успешно да продолжи да работи.

По две години стагнација, повторно дојде на тест административниот капацитет на Националната агенција и повторно пилот-проекти и повторно афера!

[124] *https://www.google.com/url?sa=t&rct=j&q=&esrc=s&source=web&cd=3&sqi=2&ved=0CEEQFjAC&url=http%3A%2F%2Fwww.sobranie.mk%2Fext%2Fexporteddocumentdownloadwindow.aspx%3FId%3D5442a238-1060-4c48-afa8-bb068b22fcad%26t%3Ddoc&*

5.1. Повик за младите - прв рок 2012

Согласно програмските правила, се објавува само еден повик годишно. Во истиот се објавуваат повеќе рокови на коишто апликантите поднесуваат предлог-проекти. На 19 јануари 2012 година е објавен повикот за програмата Млади во акција за 2012 година. Конечно, по две години, невладините организации од Македонија добија шанса да аплицираат за средства од оваа програма на децентрализирано ниво, односно во Македонија. Повикот[125] содржи три рока за аплицирање и три акции, и тоа:

МЛАДИ ВО АКЦИЈА	Крајни рокови за апликации во 2012 година		
	1 рок	2 рок	3 рок
Младински размени (под-акција 1.1)	1 февруари	1 мај	1 октомври
Европски волонтерски сервис (Акција 2)	1 февруари	1 мај	1 октомври
Обука и вмрежување (под-акција 4.3)	1 февруари	1 мај	1 октомври

Табела 6 – Рокови за аплицирање проекти за 2012 година

Резултатите од изборот на проектите од првиот рок – февруари 2012 година се објавени на 7 мај 2012 година, на веб-страницата на Националната агенција. Меѓу добитниците на средства, од првиот круг по подигнувањето на суспензијата повторно се јавува *Младински форум Око* од Струга, една од невладините организации поради која средствата беа блокирани цели две години. На листата на добитници на средства е нам веќе познатото здружение *Јасна иднина* од с. Долнени, со проектот *„Испраќање надеж“* (YE Sending Hope).

[125] *http://www.na.org.mk/index.php/mk/novosti-detalna/items/povik-za-aplikacii-2012-za-programata-mladi-vo-akcia.html*

На фотографиите објавени на интернет[126] а кои се однесуваат на овој проект, никаде го нема овластениот претставник - Валентин Црвенкоски, но затоа, пак, го има – сега веќе неизбежниот - Бошко Нелкоски, поранешниот директор на Националната агенција. Него го гледаме со една од тогашните раководителки на сектори во негово време - Неда Ахчиева, како активно се вклучени во реализацијата на овој проект, финансиран со средства токму од Националната агенција. Очигледно, сега веќе нема конфликт на интереси, бидејќи ниту Нелковски, ниту Ахчиева се вработени во Националната агенција, но е неопходно да бидеме многу претпазливи!

5.1.1. Како Струга нема друга

Во првиот рок, февруари 2012 година, Националната агенција избрала дури три корисници од Струга. Можеби другите корисници од Струга не се толку успешни во развивањето кредибилни проекти кои би можеле да бидат финансирани од европските фондови (како, на пример, општината, јавните претпријатија, училиштата, центрите за култура итн.), но се чини дека младинските организации од Струга можат да им одржат лекција[127]!

Младинските невладини организации сфатиле и дека проектите финансирани со средства од ЕУ се добри и за малото стопанство, па така за одбележување е и тоа што во Струга се реализираат не само струшките проекти, туку и проектите на невладините организации од другите градови на Македонија кои се добитници на проекти од Националната агенција. Такви добитници се следниве организации:

[127] На пример, во ИПА проектите за прекугранична соработка, во рамките на првиот повик за предлог-проекти со Република Грција, беа доставени 135 апликации, а избрани вкупно 18 проекти. Општина Струга конкурира со два проекта, но и двата се неуспешни. Иста е и состојбата со повиците со Република Албанија – на првиот повик беа доставени 60 проектни апликации, избрани се вкупно 17 проекти, а ниту еден од Струга - ниту од општината, ниту од Јавното комунално претпријатие.

- Центар за истражување и развој на образованието – Скопје,
- Форум за нови иницијативи Европа 2.0 – Битола, и
- Здружение Јасна иднина – Долнени.

Медиумите објавија информација дека Националната агенција во февруарскиот рок 2012 година доделила средства за проект на поранешен претседател на Студентскиот парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје. Станува збор за проектот *„Летна улична забава"* (YE Summer Street Party)" () на невладината организација *Центар за истражување и развој на образованието*. Иако од Скопје, организацијата решава оваа летна улична забава да ја одржи - каде ако не во Струга. Повеќе проекти кои ги одобрила Националната агенција се реализираат во Струга, без разлика дали е тоа невладината *Центар за истражување и развој на образованието* од Скопје или, пак, битолска невладина организација, како на пример *Форум за нови иницијативи Европа 2.0*, која во истиот рок од Националната агенција добила грант во износ од 17.182 евра.

Официјалните информациите за битолското здружение *Форум за нови иницијативи Европа 2.0* се следниве: основано е на 16 декември 2011 година, а конкурирало за проект во февруари 2012 година. Значи, во моментот кога аплицирало, ова здружение постоело само месец и половина, што е спротивно на правилата на ЕУ. Случајно или не, на истиот проект како обучувач е ангажирана Илона Олехова, волонтер на *Волонтерски центар Скопје*.

Во Струга, проект реализирало и здружението *Јасна иднина* од с. Долнени, Прилепско. За тој проект здружението добило грант во износ од 17.397 евра, на истиот избор на Националната агенција. Секако, во истиот град и истиот хотел е реализиран и грантот добиен на истиот повик од Националната агенција, кој ѝ бил доделен на фамозната организација Младински форум Око од Струга.

5.1.2. Чии се проектите?

За дел од проектите за кои Националната агенција доделила средства во првиот рок од 2012 година, претходно веќе се барале партнери и истите биле промовирани од други невладини организации. Постојат неколку примери:

Проект бр. 1 – „Вртење" (Spinning Around) - Во Младинскиот информативен билтен бр.2[128], објавен во август 2010 година, е наведен проект со име *„Spinning Around"*. Во билтенот проектот под ова име се промовира како предлог-проект на невладината *Кариерен центар* Битола. И повторно – случајно или не – Националната агенција во првиот рок во 2012 година избира проект со потполно истото име (*„Spinning Around"*) и доделува износ од 24.251 евра на – кој друг ако не - *Младински форум Око* од Струга.

Во *Младинскиот информативен билтен* бр. 7[129], *Младинскиот форум Око* од Струга, промовира 12 проекти на 9 различни невладини организации, меѓу кои и на *Центарот за истражување и развој* на образованието од Скопје, со потполно истото име *„Spinning Around"*:

Го поставуваме прашањето – чиј проект е *„Spinning Around"* – на *Кариерниот центар* од Битола, на *Младински форум Око* од Струга, или, пак, на *Центарот за истражување и развој на образованието* од Скопје. Несфатливо е како Националната агенција можела да направи превид (и тоа, повеќепати, а не еднаш) за ваквите случаи, ако веќе има база на податоци на организациите кои се потенцијални корисници на програмите Млади во акција и Доживотно учење, како и за лицата кои се јавуваат како нивни овластени лица.

Ист случај – различни играчи – имаме и во проектот бр. 2 - „Испраќање надеж" (Sending Hope) - Националната агенција во

[128] *http://groups.yahoo.com/group/opencaucasus/message/1497*

[129] *https://www.facebook.com/groups/7225927023/permalink/10150664433352024/*

првиот рок од 2012 година избира проект со име „Sending Hope“ и доделува износ од 17.397 евра на здружението Јасна иднина од с. Долнени, Прилепско. Претходно, во Младинскиот информативен билтен бр. 2[130], е наведен проект со сосема исто име – *„Sending Hope“*, но во билтенот проектот под ова име се промовира како предлог-проект на невладината организација *Пан-европски форум* од Скопје. Од службени[131], како и од други извори[132], Бошко Нелкоски се јавува како директор на невладината организација со речиси идентично име – *Пан-европска алијанса* од Скопје. Ова здружение го именува Бошко Нелкоски за свој овластен потписник во октомври 2011 година, а претходно било основано и впишано во Централниот регистар на Република Македонија во август 2010 година.

Трет сличен случај е проектот *ЕВС Порака нова* – Струга */Младински форум Око,* Струга. На 7 мај 2012 година, Националната агенција го објавува изборот на следниов проект:

Здружение *Порака нова* – Струга
Европски волонтерски сервис
„Истражувајќи ја различноста“ (Exploring Diversity)
11.600 евра

Младинскиот форум Око и здружението *Порака нова*, двете од Струга, се организации кои имаат тековна и непосредна соработка во *Европскиот волонтерски сервис (ЕВС)*[133]. Тие дури споделуваат и иста веб-страница – се разбира, онаа на Младинскиот форум Око[134]. Носител на тековната регистрација на веб-страницата на *Младинскиот форум Око* и ден денес – во 2013 година – е Јован Попоски, актуелниот раководител на сектор во Националната агенција, што е видливо и во регистарот на интернет адресите – Марнет[135].

Претходно (септември 2011 година), во Младинскиот информативен билтен бр. 3[136], *Младинскиот форум Око* промовираше проект со име *„Групен ЕВС, Порака - посебни деца“* (Group EVS Poraka – Special Kids). Контакт-лицето за овој проект е Реле Наумоска, со следнава е-маил адреса - tibu_reele@hotmail.com. Ова исто лице е контакт во официјалните податоци за проект на *Македонскиот младински прес* од Струга, со наведена адреса во Скопје[137].

5.2. Повик за младите - втор рок 2012

За разлика од првиот рок, кога резултатите од повикот се објавени на интернет- страницата на Националната агенција, во делот за со-општенија и новости, резултатите од вториот рок (мај 2012 година) се објавени во еден агол на веб-страницата, сосема незабележително, и тоа дури во ноември 2012 година. И повторно, на листата на добитниците ги гледаме нашите вечни фаворити:

- Здружението Младински прес од Струга (сега веќе ребрендирано);
- Здружението Младински форум Око од Струга (сега со 2 проекти); и
- Здружението Центар за рурарен развој на ЈИЕ од с. Јабланица, Струга.

[130] *Ibid*

[131] Извод од Централен регистар, види Прилог 2.

[132] *http://www.salto-youth.net/tools/toy/bosko-nelkoski.1905/*

[133] *http://ec.europa.eu/youth/evs/aod/hei_form_en.cfm?EID=66000156501*

[134] *http://youthforumeye.org.mk/dorightmk/index.php?option=com_content&view=article&id=166:evs-poraka-nova&catid=1:latest&Itemid=32*

[135] *http://reg.marnet.net.mk/registar.php?dom=youthforumeye.org.mk*

[136] *https://www.facebook.com/note.php?note_id=165568780156761*

[137] Проектот „Портрети на позитивни емоции“ (Portraits of positive emotion)

Младински прес од Струга е невладина организација основана од Игор Домазетовски, член на разрешениот УО на Националната агенција. Младинскиот форум Око од Струга е здружение основано од Бошко Нелкоски, поранешниот директор на Националната агенција, кој си поднесе оставка. Истото ова здружение подоцна е управувано од актуелниот програмски директор во Националната агенција, Јован Попоски. Центарот за рурарен развој на ЈИЕ од с. Јабланица, Струшко, е здружение во кое меѓу основачите се јавува и Трајче Нелкоски (татко на Бошко Нелкоски). Во време кога се добиени средствата од вториот рок (мај 2012), управител е Шемседин Илјази, братот на раководителка на сектор во Националната агенција.

Интересен е и фактот дека и за овие, но и за дел од другите проекти-добитници на средства од Националната агенција во 2012 година, партнери се барале токму преку Младинскиот информативен билтен на Младинскиот форум Око.

YOUTH INFORMATION BULLETINE 7!
for 1st of MAY 2012 deadline! PROJECTS

Name of the projects: TC Media as tool for Changes Organization: Youth Forum EYE

Name of the project: TC HURRICANE OF POSSIBILITIES
Organization: Fund for youth development

Name of the projects: TC Volunteerism as a tool for employability
Organization: Fund for youth development

Name of the projects: TC Safety Net 2
Organization: NGO Jasna Idnina

Name of the projects: YE Sports pack to tradition
Organization: Pan European Centre

Name of the projects: YE The vision of my dream work
Organization: Centre for development and prevention of youth Kicevo

Name of the projects: TC "There is no one colored rainbow"
Organization: Youth Senate

Name of the projects: YE "SPINNING AROUND"
Organization: Centre for research and development of education Skopje

Name of the projects: YE "Colouring differences to equality"
Organization: Youth Forum EYE

Name of the projects: Catch the Moment 2
Organization: Youth Press

Name of the projects: EVS DO RIGHT-YOUTH SERVICE CENTRE
Organization: Youth Forum EYE

Name of the projects: PROMOTION TO WIDER KNOWLEDGE TOWARDS RURAL AREAS
Organization: Centre for Rural Development- SSE

КОРИСНИК	АКЦИЈА	ПРОЕКТ	СУМА
Здружение „Пан Европски Центар" – Маврово с. Ростуше	Младински размени	Sports back to tradition	12.126 €
Здружение „Младински Прес" – Струга	Младински размени	YE "Catch the Moment 2	11.792€
Коалиција на малдински организации „СЕГА" – Прилеп	Младински размени	My way for making future	19.544,5€
Здружение „Младински форум Око" – Струга	Младински размени	YE "Colouring differences to equality"	12.765€
Коалиција на малдински организации „СЕГА" – Прилеп	Европски волонтерски сервис	Europe Locally	6.420€
Здружение „Локална агенција за развој" – Струга	Европски волонтерски сервис	Sharpen your profesional skills	6.689€
Младинска Асоцијација „ИМКА" – Битола	Европски волонтерски сервис	Visual	7.765€
Здружение „Центар за Рурален развој – ЈИЕ" с. Јабланица Струга	Европски волонтерски сервис	Promotion to wider knowledge towards rural areas	23.922€
Асоцијација за информирање и едукација „Млади инфо ФЕЈС" – Скопје	Европски волонтерски сервис	A European youth perspective	3.980€
Здружение „Младински Форум ОКО" – Струга	Обука и вмрежување	Social Media as tool for Changes	15.635€
Здружение „ХОРИЗОНТ" – Кавадарци	Обука и вмрежување	Hurricane of possibilities	13.706€
		Вкупно:	134.344€

Слика 8 – Споредба меѓу листата во Младинскиот информативен билтен и добитниците на средства од НА, мај 2012 г.

Од споредбата на двете листи прикажани погоре (Слика 8) може децидно да се види дека листата на *Младинскиот информативен билтен*, односно на *Младинскиот форум Око* од Струга е речиси идентична со листата на проектите избрани за финансирање од страна на Националната агенција за вториот повик со рок мај 2012 година. Покрај проектите на *Младински прес* од Струга, *Младински форум Око*, исто така, од Струга и *Центарот за рурарен развој на ЈИЕ*" од с. Јабланица, Струшко, Националната агенција одобрува проекти на Пан-европскиот центар од с. Ростуше, Маврово, и на *Хоризонт* од Кавадарци кои се појавуваат и на листата објавена од *Младинскиот форум Око*.

Случајно или не, за дури шест од вкупно дванаесет проекти од листата на *Младинскиот форум Око*, Националната агенција одобрила средства за финансирање за рокот мај 2012 година. Тоа значи дека или *Младинскиот форум Око* пишува исклучително добри проекти или Националната агенција, повторно, им доделува грантови на „своите" организации.

Исто така, меѓу добитниците на средства во овој круг е и коалицијата на невладини организации СЕГА, во јавноста позната како коалиција која го помагаше изготвувањето на Законот за млади, кој поради притисокот на другите младински организации во државата – кои, патем, не добиваат грантови од Националната агенција – беше тргнат од агендата на Владата и Собранието. Младинскиот форум Око и Волонтерскиот центар Скопје (невладината на Никола Станкоски, брат на Катерина Станкоска која е раководителка на сектор во Националната агенција и на Виолета Наумовска, поранешната претседателка на УО на Националната агенција) – случајно или не – се членки на оваа коалиција[138]. Во овој рок е доделен и проект на организацијата *Младинска асоцијација ИМКА* од Битола, која – случајно или не – е членка на коалицијата *СЕГА*.

[138] *http://www.sega.org.mk/web/index.php?option=com_content&view=article&id=466:xi-&catid=38:2011-03-03-15-09-35&Itemid=79&lang=mk*

Вака изгледа прегледот на некои од добитничките проекти директно од Брисел:

Ред. бр.	Организација	Број на проекти	Добиен износ до 2011 (во евра)
1.	*Волонтерски центар Скопје*	19	385.628,00
2.	*Младински форум Око*	11	235.211,50
3.	*Македонски младински прес*	8	166.698,00
4.	*Совет на младински НВО*	8	158.582,50
5.	*Фонд за развој на млади*	5	101.611,00
6.	*Центар за рурарен развој на Југоисточна Европа*	5	92.104,00
7.	*Деница*	4	66.214,00
8.	*Квантум*	2	29.696,00
9.	*Младински креативен центар*	1	24.941,00
10.	*Фонд за интеррегионален развој*	1	23.384,00
11.	*Јасна иднина*	1	18.418,00
	Вкупно	**1.302.488,00**	

5.3. Повик за младите - трет рок 2012

Информациите за новата сомнителна распределба на средства од страна на Националната агенција се однесуваат на првиот и на вториот рок од програмата Млади во акција за 2012 година. Како што видовме, има и трет рок – октомври 2012 година. Иако веќе е крај на март 2013 година, Националната агенција сè уште не ги објавува резултатите за октомврискиот рок од 2012 година.

За истиот октомвриски рок, Бошко Нелкоски лично[139] го објави *Младинскиот информативен билтен* бр. 10 во периодот пред разоткривањето на втората афера.

Содржината на текстот е следниов: *„Потрага по партнер за рокот 1 октомври 2012 година на Националната агенција. Во овој информативен билтен, ви праќаме информации за барање на партнери за различни проекти за организации од Македонија. Важно е да прочитате каков Дел 3 треба да испратете ако сакате да се приклучите на проектите. Овие проекти се за македонската Национална агенција. Можете да ја користите нашата е-маил адреса contact@youthforumeye.org.mk за да го испратите Дел 3 на организациите на коишто им треба. Рок за добивање формуларите за партнерство (Дел 3) преку е-маил во скенирана jpg/pdf верзија е 25 септември, но најдобро е да го испратите што е можно поскоро. Откако ќе потврдиме дека ќе ни бидете партнер, ве молам испратете ни го и оригиналот што е можно поскоро…“*

Во текот на 2012 година повеќето организации кои се промовираа преку *Младинскиот информативен билтен* добија и дополнителни проекти од програмата *Млади во акција* од Брисел. Овие проекти се дадени во Прилог 1 и 2 – Листи на избрани проекти – *Млади во акција* 2012 година, централизирано управување.

[139] *http://www.facebook.com/groups/YouthForumEYE/permalink/10151018465857024/*

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

По објавувањето на повикот за предлог-проекти од програмата *Млади во акција* за 2012 година и по двогодишната суспензија од ЕК поради неправилности во нејзината работа, Националната агенција набрзо ги обелодени и имињата на успешните проекти. И повторно истите организации, и повторно афера. Од Националната агенција тврдат дека средствата не се распределувале врз основа на непотизам, а доказ за тоа било што истите невладини организации добивале пари и од Брисел на централизирано ниво. Но, истражувањето покажува дека сепак е проблем кога се користат привилегирани информации, поточно кога информациите се доставуваат само на организации кои се блиски со вработените во Националната агенција.

Како резултат на тоа, во Брисел аплицираат едни исти луѓе со различни проекти, организации со исти основачи кои доставуваат различни проекти од една иста адреса или обратно. Лицата одговорни за проектите се поврзани со вработените во Националната агенција, но успешно го прикриваат тоа. Се прикриваат и вистинските адреси,

па дури има и случаи каде што цела група невладини организации користат една иста адреса. Во Централниот регистар на Република Македонија се забележуваат организирани активности на (пре) регистрации на невладини организации и се прават најразлични промени – од промена на овластените потписници, до промена на имињата на организациите и/или на нивните седишта, па дури има регистрации со (намерни?) печатни грешки во називот. Статусот на невладини организации на некои од нив е сомнителен, особено затоа што тие веќе се „прославиле" со други (не)владини активности.

Концептот „конфликт на интереси", се чини, е сè уште спорен во Националната агенција, иако неговото значење е прецизно утврдено и во финансиската регулатива на ЕУ, но и во македонското законодавство.

Причините за појавата на оваа нова афера на Националната агенција се повеќе од јасни. Ако се прегледаат стенограмите од Собранието, ќе се види дека уште со основањето на оваа исклучително важна институција, пратениците од опозицијата предупредија за она што може да се случи. Оставката на поранешниот директор, Бошко Нелкоски, очигледно дека не беше доволна за да се санира состојбата со Националната агенција. Вработените во неа – кои патем беа вработени по сопствен наод на Бошко Нелкоски – продолжија да функционираат на истиот принцип како кога директор беше Бошко Нелкоски, односно да доделуваат грантови на блиски организации, како и на организации блиски до Бошко Нелкоски, кој сега барем нема конфликт на интереси. Примери за класичен конфликт на интерес е оној на Јован Попоски, актуелниот раководител на сектор во Националната агенција, кој истовремено е носител на тековната регистрација на веб-страницата на *Младински форум Око* или фактот дека во вториот рок (мај 2012) средства му се дадени на Шемседин Илјази, братот на друга раководителка на сектор во Националната агенција.

Нејасно е зошто власта не го процесираше сомнението за сериозен криминал уште во 2010 година, кога за првпат се појави. Се добива впечаток дека власта направи сè за да го заштити незаконското работење на поранешниот директор. Наодите од ревизорскиот извештај нарачан од Министерството за образование и наука се сосема спротивни со наодите од Државниот завод за ревизија. Исто така, не се знае што се случило со иницијативата за кривично гонење на Бошко Нелкоски активирана од Државната комисија за спречување на корупцијата.

За конечно да ја санира состојбата со Националната агенција, Владата треба да го реши вистинскиот проблем, а тоа е инсталираната сомнителна шема на формални и неформални врски која функционира во Националната агенција. Само така ќе биде возможно да се добие посакуваната акредитација од ЕУ. Затоа, предлагаме власта да ги спроведе следниве неколку препораки:

1. Да се направи темелна ревизија на работата на Националната агенција од страна на вистински независна ревизорска куќа. Истовремено, треба да се преиспита инволвираноста на сите вработени поединечно во криминалните активности и истите соодветно да се санкционираат;
2. Да се испита инволвираноста на ревизорската куќа *Ефект плус* во целата воспоставена шема, па дури и на тогашниот министер за образование и наука, Никола Тодоров, чијшто избор беше *Ефект плус;*
3. Да се ефектуира иницијативата на Државната комисија за спречување на корупцијата за кривично гонење на поранешниот директор на Националната агенција, Бошко Нелкоски, и на сите оние кои се поврзани со него, по која било основа;
4. Да се измени Законот за основање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и да се предвиди

поинаков состав на Управниот одбор. Пожелно е да се зголеми бројот на членови на УО на девет (9) и тој да се состои од претставници од следниве институции: 1) Министерството за образование и наука; 2) Министерството за финансии; 3) Националната агенција; 4) директор на некое основно училиште; 5) директор на некое средно училиште; 6) директор на некое средно стручно училиште; 7) претставник од некој универзитет; 8) тренинг-институција; и 9) младинска/студентска организација. На ваков начин, во УО ќе бидат претставени сите засегнати страни;

5. Да се направи ревизија на сите склучени договори со невладините организации од првите два повика во 2012 година, односно да се спроведе членот 96 од Регулативата на Советот (ЕЗ, Евроатом) бр. 1605/2002 од 25 јуни 2002 година за финансиските прописи што се применуваат на општиот буџет на Европските заедници;
6. Да се спроведе вистинска кампања за промоција на програмите *Доживотно учење* и *Млади во акција*.

IV

ПРИЛОЗИ

1. **ЛИСТИ НА ИЗБРАНИ ПРОЕКТИ**
   - ЦЕНТРАЛИЗИРАНО НИВО
   - ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНО НИВО
2. **ИЗВОДИ ОД ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
3. **ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРИЛОЗИ**

Прилог 1. 1. Листи на избраните проекти –МЛАДИ ВО АКЦИЈА 2007–2011 (централизирано ниво)

Во табелата под текстот се дадени дел од проектите на корисниците од Република Македонија во програмата *Млади во акција* во Брисел, од 2007 до 2011 година.

	REFERENCE:	TITLE:	COORDINATOR:	ADDRESS:	CONTACT:	GRANT AMOUNT (IN EUR):
1.	272-3.1-MK-2007-2	Vevcani, Centuries of Tradition - Second Edition 2008	Volunteers Centre Skopje	Sava Kovacevic Str.47/4-6 1000 MK-Skopje	N/A	23.567,00
2.	273-3.1-MK-2007-2	Why Volunteer?	Volunteers Centre Skopje	Sava Kovacevic Str.47/4-6 1000 MK-Skopje	N/A	24.656,00
3.	138033-3.1-MK-2007-R3	Future Project Possibilities for Exchanging EVS Volunteers Among EU and SEE	Volunteers Centre Skopje	Sava Kovacevic Str.47/4-6 1000 MK-Skopje	N/A	20.149,00
4.	146332-3.1-MK-2008-R2	Together in Vevcani!	Volunteers Centre Skopje	Sava Kovacevic Str.47/4-6 1000 MK-Skopje	Nikola Stankoski	24.761,00
5.	148286-3.1-MK-2008-R3	Why Walk When You Can Dance?	Volunteers Centre Skopje	Sava Kovacevic Str.47/4-6 1000 MK-Skopje	Nikola Stankoski	24.858,00
6.	153576-3.1-MK-2009-R1	Met on the streets of Macedonia	Volunteers Centre Skopje	Sava Kovacevic Str.47/4-6 1000 MK-Skopje	Nikola Stankoski	22.956,00
7.	163586-2-MK-2009-R2	Voices	Volunteers Centre Skopje	Sava Kovacevic Str. 47/4-6SKOPJE 1000, MK	Bljana Klisarova	7.250,00
8.	163732-3.1-MK-2009-R2	Faces Behind Masks - Back to Vevchani 2009	Volunteers Centre Skopje	Sava Kovacevic Str.47/4-6 1000 MK-Skopje	Nikola Stankoski	23.820,00€
9.	168090-2-MK-2009-R3	Voices	Volunteers Centre Skopje	Sava Kovacevic Str.47/4-6 1000 MK-Skopje	Inese Priedite	17.500,00
10.	168330-3.1-MK-2009-R3	Intercultural Learning from Gender Perspective	Volunteers Centre Skopje	Sava Kovacevic Str. 47/4-6 SKOPJE 1000, MK	Inese Priedite	22.641,00
11.	175618-3.1-MK-2010-R1	Art Inclusive	Volunteers Centre Skopje	Sava Kovacevic Str. 57/4-6 SKOPJE 1000, MK	Nikola Stankoski	15.456,00
12.	176481-3.1-MK-2010-R1	Shortcut to Happiness	Volunteers Centre Skopje	Sava Kovacevic Str. 57/4-6 SKOPJE 1000, MK	Nikola Stankoski	24.971,00
13.	187078-3.1-MK-2010-R2	Carnival as a tool for Intercultural Learning- Back to Vevcani 2011	Volunteers Centre Skopje	N/A	Nikola Stankoski	24.273,00
14.	188227-3.1-MK-2010-R2	Adventureship	Volunteers Centre Skopje	N/A	Nikola Stankoski	20.139,00
